**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**
**од Дваесет и третата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 14 јули 1999 година**

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, сала 1, со почеток во 11,35 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Саво Климовски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Дами и господа пратеници, ја отворам Дваесет и третата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратеникот Благоја Стојковски, ме извести дека од оправдани причини не е во можност да присуствува на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинство пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

На седницата поканети се: Претседателот на Република Македонија г-дин Киро Глигоров, претседателот и членовите на Владата на Република Македонија; генералниот директор на Македонската радио-телевизија.

Записникот од Деветнаесеттата седница на Собранието Ви е доставен.

Дали има забелешки на записникот? (Нема).

Констатирам дека Записникот од Деветнаесеттата седница на Собранието е усвоен без забелешки.

Владата на Република Македонија согласно член 339 од Деловникот на Собранието на Република Македонија, предлага Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за трговија, со Предлог на закон, Собранието да го разгледа во скратени рокови на оваа седница.

Ве молам да гласаме.

Гласале 72 пратеници, 68 пратеници гласале за, 3 пратеници се воздржани и 1 пратеник е против.

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Владата на Република Македонија согласно член 339 од Деловникот на Собранието на Република Македонија предлага Предлогот за донесување на закон за постигнување на оспособеност за 2000-та година, со Предлог на закон, Собранието да го разгледа во скратени рокови на оваа седница.

Ве молам да гласаме. Гласале 83 пратеници.

80 пратеници гласале за, 3 пратеници се воздржани и против нема.

Владата на Република Македонија согласно член 33У од деловникот на Собранието на Република Македонија предлага Предлогот за донесување на закон за задолжување на Република Македонија кај Меѓународното здружение за развој по договорот за кредит по Проектот за итна социјална помош на Република Македонија, со Предлог на закон, Собранието да го разгледа во скратени рокови на оваа седница.

Ве молам да гласаме.

Гласале 81 пратеник. 79 пратеници се за, 2 пратеници се воздржани, против нема.

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Комисијата за прашања на изборите и именувањата предлага дневниот ред на оваа седница да се дополни, со Предлог на одлука за огласување и именување на јавен обвинител на Основното јавно обвинителство во Куманово и Предлог на одлука за огласување и именување заменици јавни обвинители во Куманово, Крива Паланка, Берово, Струмица, Штип и Кочани.

Предлозите на одлуките Ви се поделени. Молам, да гласаме.

Гласале 82 пратеници. 77 пратеници гласале за, 1 воздржан и 4 против.

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Владата на Република Македонија предлага на оваа седница по итна постапка да се донесе Законот за изменување на Законот за акцизите.

Предлогот на Законот Ви е поделен.

Го молам претставникот на Владата да ја образложи основната и неодложна потреба од итно донесување на овој закон.

Има збор министерот за финансии, господинот Борис Стојменов.

**БОРИС СТОЈМЕНОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, дами и господа, претходната Влада има донесено нова методологија за начинот на утврдување на цената на енергијата, а во рамки на тоа и на нафтените деривати.

Со оглед на тоа што оваа Влада се определи и ја прифаќа таа методологија, односно се определува цените на нафтените деривати да ги утврдува врз база на движењето на цените на суровата нафта на светскиот пазар или движењето на цените воопшто на пазарот и тие цени се менуваат, така како што се движат цените на светскиот пазар. Бидејќи акцизата е составен дел на малопродажната цена на нафтените деривати, ние сакаме акцизите да ги прилагодиме кон практична примена на оваа нова методологија на утврдување на цените на нафтените деривати. Така, бидејќи цените се менуваат, ние сакаме да извршиме измени во Законот за акцизи.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на министерот за финансии господинот Стојменов.

Предлогот на Владата овој закон да се донесе по итна постапка го ставам на гласање.

Молам да гласаме.

Гласале 85 пратеници. 69 пратеници гласале за, воздржани нема, против се 16 пратеници.

Констатирам дека Собранието го усвои предлогот на Владата.

Комисијата за прашања на изборите и именувањата предлага дневниот ред да се дополни со предлози на одлуки за избор на член на Републичкиот судски совет и за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Завод за здравствена заштита – Охрид.

Предлозите на одлуките Ви се поделени.

Молам, да гласаме.

Гласале 75 пратеници, 73 пратеници се за, 1 пратеник е воздржан и 1 пратеник е против.

Констатирам дека Предлогот е усвоен.

Пратеникот Чедомир Краљевски, предлага дневниот ред да се дополни со Предлог на одлука за огласување и именување заменик јавен обвинител во Основното јавно обвинителство во Ресен.

Предлогот на одлуката Ви е поделен.

Предлогот го ставам на гласање.

Молам да гласаме.

Гласале 82 пратеници, 80 пратеници се за, 1 пратеник е воздржан и 1 е против.

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Според тоа за денешната седница го предлагам следниот дневен ред:

1. Предлог на закон за изменување на Законот за акцизите;

2. Предлог на Закон за данокот на додадена вредност;

3. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за трговија, со Предлог на закон;

4. Предлог за донесување на Закон за постигнување на оспособеност за 2000-та година, со Предлог на закон;

5. Предлог за донесување на закон за задолжување на Република Македонија кај Меѓународното здружение за развој по Договорот за кредит по Проектот за итна социјална помош на Република Македонија, со Предлог на закон;

6. Предлог за донесување на закон за задолжување на Република Македонија кај Фондот за меѓународна соработка и развој на Република Кина, со Предлог на закон;

7. Предлог за донесување на закон за ратификација на договорот за економска развојна соработка меѓу Владата на Република Маке-донија и Владата на Република Кина, со Предлог на закон;

8. Предлог за донесување на закон за ратификација на Спогодбата меѓу Владата на Република Македонија и владата на Република Кина за взаемна соработка меѓу нивните царински органи, со Предлог на закон;

9. Предлог за донесување на закон за ратификација на Договорот меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Кина за поттикнување и взаемна заштита на инвестициите, со Предлог на закон;

10. Предлог за донесување на закон за ратификација на Договорот меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Кина за одбегнување на двојното оданочување и за заштита од фискална евазија по однос на даноците од доход, со Предлог на закон;

11. Предлог за донесување на закон за ратификација на Спогодбата меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Бугарија за соработка и взаемна помош во царински работи, со Предлог на закон;

12. Предлог за донесување на закон за ратификација на Спогодбата меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Бугарија за отвораше на два нови меѓународни патни гранични премини помеѓу

двете земји, со Предлог на закон;

13. Предлог за донесување на закон за ратификација на Спогодбата меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Италија за заемно уредување на меѓународниот патен превоз на патници и стока со моторни возила, со Предлог на закон;

14. Предлог за донесување на закон за ратификација на Спогодбата за заемна административна помош за спречување, истраги и санкционирање на царински прекршоци меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Италија, со Предлог на закон;

15. Предлог за донесување на закон за ратификација на Конвенцијата за оценување на влијанијата врз животната средина во прекуграничен контекст, со Предлог на закон;

16. Предлог на одлука за огласување и именување јавен обвинител на Основното јавно обвинителство во Куманово;

17. Предлог на одлука за огласување и именување заменици јавни обвинители во Основните јавни обвинителства во Куманово, Крива Паланка, Берово, Струмица, Штип и Кочани;

18. Предлог на одлука за избор на член на Републичкиот судски совет;

19. Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Завод за здравствена заштита – Охрид;

20. Предлог на одлука за огласување и именување заменик јавен обвинител во Основното јавно обвинителство во Ресен;

21. Информација за актуелните состојби во Македонската радио-телевизија.

Дали има предлози за изменување и дополнување на предложениот дневен ред?

За збор се јави пратеникот Сејфедин Харуни.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Уште на 23.06.1999 година, поднесов барање до претседателот на Собранието на Република Македонија и тоа врз основа на член 32 и 36 од Деловникот на Собранието на Република Македонија, барање за поднесување информација за актуелните состојби од настанатите штети на раноградинарските и други земјоделски култури, предизвикани со поројните дождови и градот што го зафати подрачјето на гостиварскиот крај.

Барам Владата на Република Македонија да изготви и на Собранието на Република Македонија да му достави Информација за актуелните состојби од настанатите штети на раноградинарските и други земјоделски култури, со оглед на фактот што на 15 јуни 1999 година на подрачјето на населените места Здуње, Равен, Речане, Горна и Долна Бањица, Балин Дол, Мало и Големо Турчане, Лопушник, Лакавица и дел од гостиварското поле зафати големо невреме пропратено со силен ветер, поројни дождови и град. Притоа, направени се големи штети на следните земјоделски култури: пченката, гравот, пченицата, овесот, овоштарниците, тиквите, кромидот, пиперот, патлиџанот, компирот и други раноградинарски култури.

Во Информацијата што ќе се изготви барам да се понудат решенија и да се предложат мерки за да се надокнади направената штета, како што се: ослободување од некои даночни обврски, ослободување од воден надоместок и слично.

Во согласност со одредбите од Деловникот на Собранието на Република Македонија, предлагам ова барање да се достави до пратениците и до Владата на Република Македонија, а истото е уште направено од 23.06.1999 година.

Предлагам Владата на Република Македонија да ја изготви наведената информација во најкраток можен рок, со цел предложениот дневен ред на Дваесет и која ќе биде седница по ред седница на Собранието на Република Македонија, да се дополни дневниот ред со една таква информација.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Го молам претставникот на Владата дали се согласува со ова барање.

**БЕДРЕДИН ИБРАИМИ:**

Владата прифаќа да ја изготви бараната информација.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Значи на наредната седница ќе добиете информација.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Јас барам министерот за земјоделие тоа да го направи.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Штом прифаќа Владата, се знае кој ќе го направи тоа.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Јас сум сигурен дека тоа ќе се заборави и ќе се запостави.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Потпретседателот на Владата прифаќа, значи Владата прифаќа да прифати таква информација.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

За која наредна седница ќе се достави информацијата.

**БЕДРЕДИН ИБРАИМИ:**

На наредната седница бараната Информација ќе се достави до Собранието.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

На првата наредна седница ќе добиете информација.

За збор, во врска со утврдувањето на дневниот ред се јавува пратеникот Димитар Бузлевски.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани претставници на Владата, почитувани колеги, најпрвин сакам да потсетам дека една прифатена обврска од пред две седници од Владата, досега не е реализирана, а тоа се однесуваше ан барањето на Информација за вкупната економска состојба во Република Македонија, за тековниот период од тековната година. Јас прифаќам дека тоа е обемна материја и дека најверојатно сериозно се пристапува кон изработката на таа Информација, но сепак, со оглед на тоа што беше прифатено од претставник на Влада, би сакал за наредната седница, ако е можно да се стави на дневен ред, бидејќи тогаш така беше прифатено. Тоа во врска со потсетувањето.

Моето излегување на говорница е повеќе од следната причина.

Во изминатиот период исто како и други региони во РМ и регионот на Преспа, беше зафатени на неколку наврати до силно невреме. Тоа невреме предизвика огромни штети кои се проценуваат над 15 милиони марки, за тековната година, кои штети ќе бидат и мултиплицирани, со оглед на тоа што се работи за трајни овошни насади, кои и во наредните неколку години како причина на она што се случи, нема да го дадат својот род, така што тие штети ќе следуваат и во наредниот период.

Во тие временски неприлики во општина Ресен, не профункционира Службата за заштита од град, или против градобијната служба. Јас не ја знам правата причина зошто е тоа така, дали има објективни причини за нејзино не активирање, дали има субјективни причини исто така за нејзино не активирање, но факт е дека таа превентивно не реагираше и како резултат на тоа штетите се огромни. Јас не знам која е правата причина. За тоа има служби. И заради сето тоа со оглед на огромните штети кои што се причинети, барам исто така за наредната седница со оглед на тоа што најверојатно во процедура е утврдување на висината на штетите, а претпоставувам дека се формирани комисии за да се утврдат тие штети. И покрај тоа што морам да укажам дека не е во ред објаснувањето кон земјоделците на подрачниот министер од општина Ресен, дека Советот на општината е надлежен за тие прашања и тој треба да ги решава таквите проблеми, што не е точно, бидејќи тоа се проблеми, актуелни проблеми на ниво на Република и за тоа постои закон по кој што закон треба да се постапи.

Барам од Владата заради тоа да изготви Информација за висината на штетите и мерки за ублажување на последиците од тие штети. Намерно го кажувам зборот ублажување, затоа што обештетување во висина на штетите сигурно дека не е можно. Но, сепак треба да се обидеме на тие граѓани во општина Ресен да им помогнеме со олеснителни мерки, кои што се од доменот на државната управа.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Го молам претставникот на Владата да одговори.

**БЕДРЕДИН ИБРАИМИ:**

Владата прифаќа да изготви Информација и со Предлог - мерки за отстранување на последиците, кои што се настанати од овие штети.

**РИЗВАН СУЛЕЈМАНИ:**

Почитуван претседателе, барам информација од министерот за финансии, кои од хуманитарните организации се ослободени од данок на промет за купување стока за хуманитарни цели во Република Македонија. Затоа што имаме информации дека одредени хуманитарни организации кои делуваат во Република Македонија, се ослободени од данок на промет за стоката која ја купуваат во Република Македонија, а додека другите меѓу најпознатите е и Ел Хилал која таква бенефиција не може да користи, иако Владата јавно бараше, апелираше сите хуманитарни организации да купуваат од Република Македонија. Имајќи во предвид дека за стоката купувана надвор од Република Македонија овие хуманитарни организации не плаќаат таков вид на данок.

Мислам дека Владата треба да има подеднаков аршин за сите хуманитарни организации во интерес на Република Македонија и согласно нивното јавно

прокламирање и апелирање хуманитарните организации средствата да ги потрошат за купување стока во Република Македонија за хуманитарни цели.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Го молам претставникот на Владата, министерот за финансии, или потпретседателот на Владата да се произнесе.

**БЕДРЕДИН ИБРАИМИ:**

Вака како што се постави прашањето го третираме како пратеничко прашање. Ќе добие писмен одговор.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на господинот Бедредин Ибраими.

Дали пратеникот Ризван Сулејмани е задоволен од одговорот?

**РИЗВАН СУЛЕЈМАНИ:**

Не. Мислам дека треба информација и барам информација да се подготви ако може уште на оваа седница, со оглед на тоа дека хуманитарните организации делуваат и тоа интензивно делуваат и во овој период и многу битно е тие да имаат точна информација за тоа кој и како и дали може таква бенефиција да се користи.

Затоа барам Информација, ако треба ќе се отвори и дебата.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Во оваа ситуација имаме два предлога.

Господинот Сулејмани бара да се произнесеме на оваа седница, а Владата прифаќа да подготви Информација на следната седница да се произнесе во писмена форма.

Според тоа, во една таква ситуација јас ве молам да се произнесеме дали ќе го прифатиме предлогот на пратеникот, бидејќи предлозите се разликуваат.

Дали ќе го прифатиме предлогот на пратеникот за оваа седница да се подготви Информација и да се поднесе, или ќе го прифатиме предлогот на Владата на наредната седница.

Дали се сложувате со тоа господине Сулејмани?

**РИЗВАН СУЛЕЈМАНИ:**

Ако Владата е подготвена да поднесе Информација, јас би прифатил и за идната седница, но Информација, а не пратеничко прашање.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Тогаш значи се е во ред.

Има збор Кирил Настевски.

**КИРИЛ НАСТЕВСКИ:**

Верувам дека сте доволно запознати барем преку јавните гласила, за состојбата со појавата на менингитис во Прилеп. Повеќе од месец дена оваа опасна болест ги вознемирува жителите на Прилеп. Надлежните од Заводот за здравствена заштита и Министерството за здравство со своите изјави настојуваат да ги смират граѓаните изјавувајќи дека, нема опасност и дека не е алармантна состојбата. Меѓутоа, навистина што се случува?

Наместо првичните тврдења дека како жариште на болеста е само една детска градинка, денес имаме состојба да има заболени од разни делови на градот, па и населените места. Наместо тврдењата дека со болеста се зафатени само помали деца од претшколска возраст, денес имаме состојба на зафатеност од болеста и на повозрасни лица. Наместо тврдењата дека болеста се смирува, секојдневно слушаме за хоспитализирање на нови заболени. Згора на тоа и после повеќе од месец дена предизвикувачот на болеста не е откриен, па логично и лекувањата не можат правилно да се насочат. Сето тоа говори за алармантната состојба со раширувањето на менингитисот во Прилеп. Граѓаните се вознемирени, а досега не е уочено подобрување, ниту е соопштена некаква барем едноставна превентива.

Барам на денешнава седница Владата на Република Македонија да ги информира пратениците за состојбата со менингитисот во Прилеп, какви мерки се превземаат против оваа опака болест и зошто се уште надлежните не прогласуваат епидемија од менингитис.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**БЕДРЕДИН ИБРАИМИ:**

Со оглед дека претставникот од Министерството за здравство не е присутен на оваа седница, Владата прифаќа да изготви Информација за наредна седница.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Дали сте согласни господине Настевски?

**КИРИЛ НАСТЕСКИ:**

Да, но за наредната седница.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Предлагам претседателот на Собранието да ги информира пратениците овде за текот на подготовките на одбележувањето на 55-годишнината од АСНОМ.

Втори август се приближува, се исполнуваат 55 години од еден од најзначајните датуми во нашата историја и има уште дури и живи асномци, што е многу добро да им се даде чест и ним сега. Мислам дека треба да се информира Собранието и тоа треба претседателот на Собранието да го стори, бидејќи АСНОМ беше Собрание, што се предвидува, како ќе му дадеме значење, како на настан кој ја темели современата Македонска држава.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на господинот Андов за поставеното прашање.

Заедно со Комисијата за одбележување на позначајни настани, јас се сложувам на наредната седница да поднесеме и една кратка Информација за тоа како ќе се одбележи 55-годишнината од Заседанието на АСНОМ.

Дали сте задоволни господине пратеник?

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали за се ќе има време после.

Јас мислев дека сте готови со таа работа.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Се уште се размислува.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Денес е 14 јули. Јас морам да ви кажам ова прашање го поставувам, затоа што времето мина и за никакви активности не сум информиран, ниту јавноста знае за тоа, а сепак се работи за еден од најсветлите настани во нашата историја.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Јас во овој момент можам да ви кажам дека на следната седница ќе добиете во писмена форма, за да можеме и да расправаме.

Дали сте задоволни?

**СТОЈАН АНДОВ:**

Мислам дека оваа седница ќе потрае и утре.

Затоа мислев ова да го ставиме на дневен ред. Да прифатиме на наредната седница на 21 јули, иако е тоа премногу блиску веќе до празникот.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Има збор господинот пратеник Звонко Мирчески.

**ЗВОНКО МИРЧЕСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани претставници на Влада, почитувани колеги пратеници, имам предлог за наредната седница Владата да ни достави Информација за можноста за реконструкција на патот Градско - Прилеп, со Предлог - мерки за разрешување на тој критичен патен правец, за кој што ми се чини дека повеќето пратеници сме запознати во оваа сала.

Би сакал да образложам зошто ја барам оваа Информација за наредната седница. Заради тоа што од извршените анализи на сообраќајните несреќи што се случиле во изминатите шест години на отворените патишта на подрачјето на поранешната општина Прилеп, се констатира дека на регионалниот пат број 106 Градско - Прилеп се случиле најмногу сообраќајни незгоди и тоа е патен правец кој не гарантира уреден и безбеден сообраќај. За изминатите шест години, односно од 1993 година заклучно со 1998 година на сите правци се случиле вкупно 925 сообраќајни незгоди, а само на овој патен правец 414 или приближно околу 45% од вкупниот број. Само на овој пат се случиле 18 несреќи со загинати лица, а животот го загубиле 29 лица. Сообраќајни несреќи со тешко повредени се случиле 56, а тешко повредени биле 81 лице. Со лесни повреди се случиле 51 сообраќајна несреќа, а лесно биле повредени 147 лица или за изминатите шест години на овој пат настрадале вкупно 257 лица, или секоја година по 43 лица. Тука не е земена во предвид предизвиканата материјална штета, а раководејќи се од фактот што нема ништо поскапо од животот и здравјето на луѓето. Од извршените анализи на сообраќајните несреќи произлезе дека како причина се пребрзото возење, односно неприлагодената брзина спрема условите на патот, не правилно и не прописно престигнување и не држење на страната на движење, што значи секогаш постојат објективни и субјективни причини, како и не дисциплинираноста на возачите, а не дисциплината изразена само на овој пат кажува дека не се случува истата таа работа и на останатите патишта.

Ако навистина се изврши по детална анализа на случените сообраќајни несреќи, ќе се утврди дека не е причина само субјективниот фактор, туку во многу придонесува патот, односно неговите конструктивни елементи, густината на сообраќајот и сл. Инаку, овој пат е изграден во далечната 1964 година, за тоа време, за таа густина на сообраќај и перформанси што ги имал тој гарантирал уреден и безбеден сообраќај, но во денешни услови не гарантира таква безбедност.

Од овие причини би сакал на наредната седница да се подготви една таква

Информација. Ми се чини дека е од заемен интерес, заради тоа што тој пат ги поврзува источниот и западниот регион и е доста фреквентен.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Го молам претставникот на Владата да се произнесе по барањето.

Има збор заменикот министер за сообраќај и врски.

**РЕЏЕП АСАНИ:**

Колку што се сеќавам ова беше пратеничко прашање, меѓутоа ако инсистира пратеникот да биде подготвена информација за оваа проблематика, ние сме спремни да изготвиме таква Информација за наредна седница.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Тоа е веќе и повод малку по ажурно Владата и претставниците на Владата да се однесуваат спрема пратеничките прашања, за да не се претворат тие подоцна во информации.

Затоа би требало, јас апелирам до следната седница Владата да одговори на пратеничките прашања, кои што до Владата беа доставени во писмена форма. Така што би било добро да се одговори за да понатаму не се подготвуваат Информации.

Во таа смисла сакав само како забелешка да кажам.

Инаку, тоа е начелно за сите министерства, не се однесува само за ова министерство.

**ЗВОНКО МИРЧЕСКИ:**

Кога беше таа седница со пратенички прашања, јас прифатив писмено да добијам Информација, меѓутоа таква Информација до ден денеска немам добиено. Но мислам дека крајно е непријатно да се патува по тој патен правец, заради тоа што не личи на пат, туку на нешто далеку по непријатно.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Зборот ми беше дека ако со пратеничкото прашање не бидете задоволни, вие имате право да барате Информација, но во овој случај вие не сте добиле ниту одговор на пратеничкото прашање, а не сте само вие што не сте добиле одговор на пратеничко прашање, туку и многу други ваши колеги, односно наши колеги немаат добиено одговор и затоа апелот е упатен во принцип и начелно до сите ресорни министерства до кои се упатени пратеничките прашања.

**АСЛАН СЕЛМАНИ:**

По можност барам за наредната седница да се добие една Информација за вкупниот број на запишани студенти по одделни факултети, потоа бројот на студентите што имаат над 60 поени усвоени на приемните испити и според националната структура да видиме каква е таа состојба.

Затоа што според некои сознанија, навистина се јавува како проблем уписот на студентите на нашите факултети. Ние како парламентарци тука, мораме да знаеме што со нив и како во иднина со нив.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г. пратеник Аслан Селмани.

Молам да земе збор потпретседателот на Владата Бедредин Ибраими.

**БЕДРЕДИН ИБРАИМИ:**

Се прифаќа да се изготви Информација, во врска со уписот на студентите во оваа академска година.

Во однос на сугестијата и забелешката за пратеничките прашања, скоро 90% од одговорите на пратеничките прашања се изготвени и тие поминале низ соодветни владини комисии, па во текот на овие денови сите пратеници ќе ги добијат одговорите на поставените прашања.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Господине Селмани, дали сте задоволен од објаснувањето?

**АСЛАН СЕЛМАНИ:**

Да задоволен сум.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

За збор се јави господинот Мерсел Биљали.

**БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ:**

Ве молам, ако може да добијам збор во врска со истата точка.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Рекоа дека информација ќе биде доставена.

**БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ:**

Јас како претставник на Комисијата за образование, би сакал да кажам нешто.

Господин потпретседател на Владата, сакам да ве информирам дека на вчерашната седница Комисијата за образование и наука, анализирајќи ги тешкотиите кои настанаа за време на уписите во првиот уписен рок и сферата на средното образование и во сферата на високото образование, донесе заклучок да побара од Министерството за образование една Информација, посебно во врска со проблемите кои настанаа со уписите на

ученици во стручните области од средното образование и пред се кај средно медицинските училишта. Затоа, пренесувам дека таква Информација веќе ќе биде побарана од Комисијата за образование и наука и дека таа иста Информација, но сега опфаќајќи ги проблемите и за уписот во средното образование и за високо образование ќе биде доставена до Комисијата и таа Информација може да се гледа и на Парламентот.

Многу е битно тоа што комисијата заклучи, таа информација да дојде пред седницата што ќе се одржи на 21 јули, со оглед на тоа што уписот ќе уследи за помалку од месец дена, со конструктивни предлози може да се помогне да се надминат тие проблеми кои веќе се регистрирани.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Ќе Ве молам господине претставник на Владата, потпретседател Бедредин Ибраими, дали може за наредната седница да подготвите Информација, бидејќи се бара проширување не само за факултетите, туку и средните училишта, тоа да биде целосна Информација.

**БЕДРЕДИН ИБРАИМИ:**

За жал, на седницата не е присутен претставник на Министерството за образование. Тој веројатно би одговорил по конкретно на поставеното прашање, но за наредната седница ќе се изготви таква Информација и ќе ја добие.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Пратеникот е задоволен.

Има збор г. Мерсел Биљали.

**МЕРСЕЛ БИЉАЛИ:**

Предлагам денес ако има објективна можност да се стави на дневен ред Извештајот на Советот за статистика, бидејќи се работи за едно тело кое е формирано од страна на ова Собрание и според Законот поднесува годишен извештај.

Колку што сум запознат, за тој извештај за советот за статистика има расправано Комисијата за економска политика и развој, меѓутоа не знам врз која основа тие одлучија дека не треба Собранието да расправа. Мислам дека со овој проблем е запознат и претседателот на Собранието. Реков, според објективните можности, бидејќи еден член на Советот веќе е покоен, така што веројатно би требало и Комисијата за избори и именувања да одржи состанок и на првата наредна седница да се расправа по тој извештај.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Се прифаќа. Не е прашањето дали ќе се стави на дневен ред, прашањето беше во значењето, по распределбата.

Имаме до 28 јули можност да ја ставиме на дневен ред и тогаш ќе ја разгледаме.

Според тоа, се прифаќа вашата сугестија.

Господинот Трајко Гешевски веќе го постави прашањето, прашањето беше истото она прашање што беше поставено.

Има збор г. пратеник Трајко Гешевски.

**ТРАЈКО ГЕШЕВСКИ:**

Прво, не сум задоволен што не ми дадовте збор да се надоврзам на дискусијата на колегата Звонко, а му дадовте збор на колегата Ханџиски за истата тема.

Ова прашање го поставив пред еден месец. Заклучок на Собранието беше Министерството за сообраќај да изготви една Информација. Верувам дека досега нема ништо преземено и предлагам Министерството, неколку членови, министерот, заменикот да појдат еден ден на тој сегмент од патот од тунелот до Плетвар од 8,00 до 11,00 часот и после пладне од 18,00 до 20,00 часот. Таму е ужас, на секој метар демне опасност од тешки сообраќајни несреќи, особено сега после престојот на НАТО, тешката механизација во Прилепската касарна, патот е во очајна состојба и барам Информација да изготви Министерството за сообраќај и врски до наредната седница што ќе се одржи во среда и предлагам да се отпочне материјална распара во Собранието за итно влегување во план за изградба на тој сегмент од патот од Клисурите до Плетвар.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г. пратеник Трајко Гешевски.

Информација ќе биде доставена и беше прифатена за наредната седница.

Има збор г. пратеник Сејфедин Харуни.

Вие еднаш кажавте, а сега повторно сакате.

(Реагирање на некои пратеници во салата во врска со повторното јавување за збор).

Деловнички пратеникот има право.

Има уште десетина што се пријавени.

Секој има право според Деловникот да си постави прашање.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Господата од ВМРО изгледа насетиле каква намера имам со дискусијата.

Прво прашање имам дали министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство е Марјан Ѓорчев? Не сакам на говорница да зборувам доколку не се однесува на истиот човек и дали истиот бил директор на Млекарницата Скопје. Зборувам за 1990 година.

Господа, јас немав намера да излезам на говорница, меѓутоа селаните од с. Сенокосе, Градец, Неготино, Добридол и село Топлице на Млекарницата Скопје неколку тони млеко имаат продавано и од таа година наваму неколку стотици илјади германски марки се неисплатени на овие граѓани. Во таа Млекарница сум бил 1991, 1992, 1993 година. За Марјан Ѓорчев не можев да најдам ни траг ни глас. Разговорите ги имам обавено со некојси Гојко Рафајловски. (Реакција на пратениците од салата).

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Господине Харуни, ако може држете се до дневниот ред.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Доколку е истиот тој Марјан Ѓорчев сега унапреден во министер на соодветно министерство, тој прво, ако не друго, да направи исплата на тие граѓани што уште и ден денес ги има тешко ограбено. Тој ги има списоците, и јас имам некои списоци и......

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Земи си адвокат.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

За адвокат, вие сте тука адвокат и често пати упаѓате како адвокат.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Ќе ве молам, дајте ...

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Јас нема да барам надвор, кога го имам адвокатот во Собрание.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Господине Харуни, за дневниот ред држете се.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Ако е тој истиот Марјан Ѓорчев, од него барам Информација за ова тешко ограбување на овие селани.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Има збор г. пратеник Томислав Стојановски.

**ТОМИСЛВ СТОЈАНОВСКИ:**

Господа, моето јавување овде не е од позиција да го дополнувам или разградувам дневниот ред. Да направиме сами меѓу себе едно разбирање. Оваа седница не е седница на пратенички прашања. Господата кои се јавија досега измислија една друга форма, пратеничкото прашање го заменија со збор Информација. Ако се работи за Информација, таа нека се постави писмено, ако се работи за пратеничко прашање може да се постави овде директно од говорница, од место и писмено од Владата, а не на секоја седница да  расправаме за Информации. Господа, нема да бидеме продуктивни, последниот говорник се јави дека некој долгувал пред 10 години на некого. Има постапка да се расправа за таа работа. Тоа не е Информација туку пратеничко прашање.

Ве молам, да бидеме продуктивни, а на г. претседател, ако некој сака да се јави и да предложи информацијата да се внесе во дневниот ред прв пат нека се примени начинот, Информацијата е таа, да се гласа дали да биде на дневен ред или не, па потоа да се оправдува. Тоа е моето прашање.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Благодарам на господинот Томислав Стојановски.

Ве молам да привршиме полека и да не се јавуваме, да не се расправаме по овие прашања.

Господинот Харуни, бидејќи беше повикан, има збор, па потоа другите ќе добијат збор.

Ве молам, само бидете пократок во објаснувањето.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Краток ќе бидам.

Господине Стојановски, ова не е ваше прво вакво однесување на говорница. Вие сте адвокат само во Куманово, а овде сте пратеник како и секој друг пратеник. Тоа прашање јас го поставив до Владата на Република Македонија, затоа што тој Марјан Ѓорчев е ресорен министер на таа Влада. Колку пати вие овде ја држите говорницата за домаќинско однесување, за некој не знам какви малверзации правел, па можеби и сонувате за тоа. Јас ќе ви донесам список со име и презиме дека е тој истиот што го ограбувал тоа население пред 10 година, но и пред 100 години доколку тој не ги измирил –заправо, за тоа ограбување тој

треба да одговара овде. Затоа јас прашав ако е тој, да не го земам на шија. А вие, јас и во една друга прилика ви реков, вие сте само шегаџија на оваа говорница, а и ВМРО- овџија.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Немојте со навреди господине Харуни.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Срамота.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Мислам дека не води кон ништо ако почнеме вака да се навредуваме.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Не сакав, меѓутоа, тој на секоја манџа сака бибер да става.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Господинот Флоровски процедурално.

**АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ:**

Процедурално, во истиот контекст. Би ве замолил прво вас, вакви егзебиции во иднина да не дозволувате. Ако денес на дневен ред имаме точки за кои треба да гласаме водете ја во тој правец седницата. Не се пратенички прашања.

Второ, г. Харуни беше пратеник во првиот состав, имаше можност во периодот од 1991-1994 година да постави прашања што е со судбината на млекото, што го испорачале неговите земјаци не знам од кои села. Денес се поставува прашање за активностите на Марјан Ѓорчев како министер и молам во иднина внимавајте малку што зборувате. Сметам дека таквите изнесувања не се во добриот дух на нашата соработка која треба да ја имаме.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Господинот Љатиф Пајковски.

Ве молам, дајте држете се до дневниот пред.

Пратеничко прашање имате право да поставите, но да бидеме по концизни.

**ЉАТИФ ПАЈКОСКИ:**

Господине претседател, претставници на Владата, почитувани пратеници, прво сакам исто така и јас да кажам едно потсетување. Имено, на 11-тата седница што се одржа на 25.02. о.г. побарав Информација од Владата за тоа колкав е бројот на граѓаните на Република Македонија на возраст од 28-32 години, кои од различни причини не го отслужиле воениот рок. Таа Информација ја побарав за првата наредна седница. Од записникот може да се виде дека претставникот на Владата, потпретседателот Ибраими, прифатил да се подготви и поднесе таква Информација. До ден денес таква Информација не е подготвена и молам, ако тоа е можно за првата наредна седница.

Второ, предлагам Собранието да донесе заклучок, според кој ќе ја задолжи Владата, односно Министерството за образование да подготви и поднесе Информација на оваа седница за тоа според кои критериуми е направена измена на директор во с. Жировница во основното училиште. Имено, се работи за следното.

Прво, барам тоа да биде на оваа седница, затоа што во најголемото реканско село Жировница, во кое што живеат околу три илјади граѓани, 95% од македонско етничко потекло, во овие последни неколку денови врие. Врие затоа што од за нас досега многу непознати, не разјаснети причини одредени локални шерифи од Дебар, преку министерот за образование наметнуваат во Жировница директор, човек од албанско етничко потекло. Ова е втор случај, затоа што првиот случај се случи 1941 година кога под влијание на албанската квинслиншка власт во Жировница, како и во другите рекански села населени исклучиво со македонско населени, бил поставен директор Албанец, се разбира и воведена настава на албански јазик.

Ова македонско население од Река, од Жировница, истраело со години на вековните традиции и обичаи поврзани со својот матичен Македонски народ. Исто така, заради одредени историски состојби, примајќи ја исламската религија, исто така, покажале дека се подеднакво верници како и сите припадници на Исламот од овие простори. Ова прашање е особено актуелно последниве денови, кога исто така не знам од кои причини, само пред два дена пред Владата да донесе одлука со која се забранува вработување во сите институции кои се на Буџет, само два дена пред тоа направена е оваа промена и вработен е човек како в.д. директор, на кого на 31 август му престанува работниот однос, затоа што имаше договорен работен однос, човек кој што во училиштето во Жировница, наставата ја изведуваше со само десетина часови.

Се надевам дека во оваа сала, без разлика од ставот, ќе проработи чувството за сопствената нација кај сите присутни во оваа сала, без разлика на нивната верска и национална припадност.

Овој потег на министерот не води ама баш никаде. Најмалку води кон релаксација на меѓуетничките односи. Можам да Ви кажам дека пред да се случи ова во Жировница, во Река меѓуетничките односи беа на едно прекрасно ниво. Особено тоа беше присутно и воочливо последните месеци кога баш во овој простор се одвиваа движења на бегалци, на хуманитарно згрижени лица, дури и на илегални преминувачи од Албанија и Косово или кога како население што живееме на самата албанска граница, не сме дозволиле да има никаков екцес.

Меѓутоа, ако не се прифати тоа, баш на оваа седница да се разговара, тогаш Владата треба да биде подготвена да сноси одговорност за се она што може да се случи во иднина, не само во Жировница, туку и во сите населени места со македонско етничко потекло.

И само на крајот да кажам дека ми беше многу тешко да го поставам ова прашање. Затоа ние во изминатите неколку денови целата активност ја спроведувавме преку една невладина организација, а тоа е Сојузот на Македонците со Исламска религија, притоа укажувајќи на опасноста која може да ги наруши меѓуетничките, дури и меѓуверските односи на самите Македонци од овој простор.

Меѓутоа, со оглед на тоа што до овој момент јас немам Информација за некој позитивен тренд. Особено, на владејачката ВМРО-ДПМНЕ, која што Вие сте тука сведоци, најповеќе, можеби и повеќе од самите пратеници на ВМРО-ДПМНЕ, јас ја прокламирав како партија, која што за сега е единствена што се грижи за ова македонско население. Меѓутоа, ако се остане на ова решение на министерот, тогаш тоа ќе му дојде нешто слично, како да се добиваат 20-тина или 50-тина литри млеко, одеднаш да се клоцне и да нема ништо. Сепак, верувам во заложбата на премиерот и претседателот на ВМРО -ДПМНЕ г-динот Ѓеоргиевски и во неговата искреност за грижа на ова македонско население, искажана дури и во Резолуцијата на Конгресот во 1995 година во Кичево и се надевам дека ова, сепак, е резултат на тие само наречени локални шерифи од Дебар. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г-динот пратеник Љатиф Пајковски.

Го молам претставникот на Владата г-динот Бедредин Ибраими потпретседател на Владата да земе збор.

**БЕДРЕДИН ИБРАИМИ:**

Очигледно е дека г-динот Пајковски не може да ги разбере одредени работи, процеси во Република Македонија. Пред се, тој тешко го повредува правото на било кој граѓанин да биде именуван во било која функција или било кое работно место, без разлика на неговата националност. Ако почнеме ние сега да набројуваме во колку школи каде што претежно се од друга националност, а директорот е од спротивна националност, тогаш тоа ќе не води во една голема бројка. Не чувствувам никаква потреба Владата да изготви ваква Информација и да даде отчет пред г-динот Пајковски во врска со кадровските решенија на министерот за образование. Најверојатно тој ги почитува одредбите од Законот за образование, најверојатно ги почитува условите кои се поставени за именување на директор на тоа школо, а најверојатно во тие услови не пишува да е Македонец, Албанец или од друга националност.

Затоа не чувствуваме никаква потреба да дадеме таква Информација и таков одговор на поставеното прашање. А, дали таму позитивно ќе делува именувањето на овој директор, господа, дајте му малку простор и време да се докаже. Со вакви истапи на овие говорници, одговорни сте Вие за евентуални тензии во вашето населено место каде што живеете. Дајте овозможете му на министерот за образование, на именуваниот директор да си ја врши нормално работата.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г-динот потпретседател на Владата Ибраими Бедредин.

Во оваа ситуација ние имаме предлог и ќе се изјасниме. Тоа е деловнички.

Според тоа, имаме предлог од пратеникот Пајковски Љатиф на денешната седница да ставиме точка на дневен ред, околу изборот на директор во ОУ во Жировница.

Ве молам со гласање да се изјасниме дали сме за да го ставиме тој предлог во дневниот ред или не.

Да видиме и да гласаме.

За збор се јави Александар Флоровски.

Предлагам пет минути пауза во име на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Пауза бара координаторот.

Добро, тогаш пет минути пауза нека се консултираат по ова прашање.

(Паузата траеше од 12,40 до 13 и 15 часот). (По паузата).

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Рековме по пауза од 5 минути, а 50 минути сме надвор не знам до кога ќе ја завршиме седницата.

Имаме еден крајно несериозен однос.

Јас знам дека Ви е пријатно тоа да се дружите и сето тоа, но ова е веќе работа.

Според тоа, ќе Ве молам предлогот на пратеникот г-динот Љатиф Пајковски го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме од овој момент.

Гласале 84 пратеници, од кои 23 пратеници се за, 52 пратеника се воздржани и 9 пратеници се против.

Според тоа предлогот не помина и не можеме да го ставиме на дневен ред.

Збор побара г-динот Стојан Андов.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Г-дине претседателе, предлагам во дневниот ред на оваа седница да биде уврстена и една Информација за грижата, за здравјето и животот на спортистите. Ова го поставувам како барање поради фактот што, во последната година во нашата држава имаме три смртни случаи на спортските терени. Тројца млади луѓе го изгубија животот под не разјаснети околности на теренот. Тоа е преголема цифра за многу поголема земја, со многу поголем број спортисти. Тоа не се случило со години во некои европски земји, еден случај да има, а камоли три случаи во толку краток рок.

Многу е интересен и зачудувачки е примерот со младиот боксер Неделковски. Читам во весниците дека екипата која не претставувала нам на турнирот во Грција, со кола патувала 16 саати по споредни патишта, бидејќи немале пари за да платат патарина. Значи, намалената грижа за животот и здравјето на спортистите е поврзана со недоволна организираност, веројатно на клубовите, особено здравствените служби, а исто така и работата на сојузите. Ние имаме и Министерство за спорт и млади, имаме и Олимписки комитет, тие се занимаваат со многу бомбасти работи, меѓутоа ова што им е основна задача да се обезбеди здравјето и животот на спортистите, тие млади луѓе кои нас не претставуваат во светот, кои што ги предизвикуваат нашите нај благородни чувства и гордост кај нас кога настапуваат, да не смејат да бидат загрозени и да имаат ваков кај каков што се случи сега со овие тројца млади.

Затоа, предлагам да се уврсти таква Информација на дневен ред, да се разгледа и Собранието да донесе некои упатства, кои ќе бидат потоа со закон или со одлука на Влада задолжителни за сите што сакаат да располагаат со животите и здравјето на младите луѓе.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г-динот пратеник Андов Стојан.

Го молам претставникот на Владата, потпретседателката на Владата госпоѓа Кипријанова.

**РАДМИЛА КИПРИЈАНОВА:**

На една од наредните седници ќе донесеме Информација, ќе биде презентирана, меѓутоа исто така сакам да го потенцирам она што г-динот пратеник го кажа дека оваа Влада има грижа за младите и за спортистите покажува и тоа што таа формира Министерство за млади и спорт и имаме програма за тоа министерство. Најверојатно во таа програма се вклучени сите овие работи, за кои што и г-динот пратеник сака да биде информиран.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Благодарам. Според тоа, е прифатена Информацијата и ќе се разгледа на една од наредните седници.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Прифаќам, а и јас предлагам ако не може на оваа седница, барем на следната седница тоа да дојде.

Морам да Ви кажам ако нешто битно не се подобри, ќе имаме и други такви случаи.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Повторно госпоѓа Кипријанова.

**РАДМИЛА КИПРИЈАНОВА:**

Колку сме ние Информирани денеска имаме седница на Собранието со дневен ред. Владата не одбегнува да одговара на пратенички прашања, меѓутоа Вие воспоставивте или сакавте како претседател и пратеници да воспоставите ред во пратеничките прашања и седница специјално да биде посветена на пратенички прашања, каде ќе бидат сите министри. Владата не бега од одговори, денес навистина имаме друг дневен ред.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Видете, јас односно ние се договоривме дека на секои три месеци ќе

имаме.

Меѓутоа, истовремено стои и забелешката дека Владата не ажурно одговара на поставените прашања.

Јас добив повратен список, каде што еве после месец и половина немаме добиено одговори на пратеничките прашања.

Според тоа, ако Владата мисли дека може индолентно да се однесува спрема пратеничките прашања, во тој случај не е чудно што пратениците бараат Информации.

И, за да го одбегнеме тоа, мислам тој однос јас апелирам до Владата што поскоро да одговори на тие пратенички прашања, за да не дојде другата сесија на која што повторно ќе поставуваме и ќе имаме дијалог помеѓу Владата и пратениците.

Уште еднаш ова го потенцирам, бидејќи на сите седници ќе бараат Информации, право е деловнички на секој пратеник при утврдувањето на дневниот ред да предлага.

Еве, во претходниот случај не го прифативме предлогот.

Значи, има право да предлага точка на дневен ред.

Ние го утврдуваме денес дневниот ред, а Владата може да каже прифаќа Информација или не прифаќа Информација и ќе се гласа околу тоа.

Според тоа, ќе Ве молам, збор имаше г-динот пратеник Ковачевски Стојан.

**СТОЈАН КОВАЧЕВСКИ:**

Едно прашање до претседателот на...

**РАДМИЛА КИПРИЈАНОВА:**

Сите одговори на пратеничките прашања се подготвени, ќе Ви бидат доставени утре. Се работи за мало задоцнување, од причини што на некои пратенички прашања се имаше потреба да одговорат и да се усогласат одговорите на повеќе министерства.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Во ред е тоа и го прифаќаме како образложение и ги очекуваме прашањата, односно одговорите.

Збор има Стојан Ковачевски.

**СТОЈАН КОВАЧЕВСКИ:**

Пратеничко прашање, но не до Владата, туку до претседателот на Парламентот.

Што станува со традиционалниот билтен на Републичкото Собрание.

Вообичаено беше на почетокот на мандатот на пратениците да се добива Билтен. Тој Билтен еве после 7 месеци ние не сме го добиле Билтенот број 1, во кој се имињата на сите пратеници кој од која пратеничка група, кој од кое изборно место е, која изборна единица, професија и други основни податоци, коишто на нас пратениците, без оглед на партиската припадност за остварување на својата функција, потребно ни е поблиску да се запознаеме да комуницираме по точките на дневниот ред. Тој Билтен многу доцни и јас молам за интервенција на претседателот, тој Билтен кој што не е скап, тој е во црно-бела техника, барем до сега така беше, да очекуваме дека ќе го добиеме наскоро. Верувајте дека ни е многу потребен.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Сугестијата ја прифаќам, меѓутоа, ние како претседателство заклучивме да подготвиме посебна публикација и таа сега е во печат, дадена е во печат со сите податоци за пратениците и ќе служи и за размена со други парламентарни делегации и т.н.

Но, со оглед на фактот дека печатот може да потрае уште месец, два, јас се согласувам да ги дадеме во посебен Билтен основните податоци за пратениците и јас се надевам дека на следната седница тоа ќе го добиете.

**СТОЈАН КОВАЧЕВСКИ:**

Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

За збор се јави г-динот пратеник Трајков Горанчо.

**ГОРАНЧО ТРАЈКОВ:**

Почитуван претседателе, членови на Влада, колеги пратеници, јас барав со Информацијата за штетите од невремето, да бидат опфатени општините Виница, Оризари и Блатец, каде што беа уништени скоро 40% од вкупната обработлива површина. Да бидат вклучени и овие општини во Информацијата, што веќе Владата вети дека ќе ја даде. Јас имам само толку да кажам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Се прифаќа и ќе биде дополнета информацијата.

Побара збор г-динот пратеник Исмет Рамадани.

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

Господине претседателе, почитувани колеги, во последно време имаме една појава на менување на директори во основни и средни училишта од министерот за образование, каде што не се почитува институцијата конкурс и каде што менувањето

се обавува пред да им истекне мандатот.

Барам Информација од Владата, во колку училишта имаме разрешување на директори и да се именуваат во кои училишта кои директори се разрешувани и кои се именувани. Бидејќи, имаме сознанија, имаме Информации дека во одредени училишта веќе се создадени и одредени конфузии и во самите колективи и т.н. Оваа Информација да се однесува и за училиштата со македонски наставен јазик и за училиштата со албански наставен јазик. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Благодарам. Молам, претставникот на Владата, г-динот потпретседател Бедредин Ибраими, повелете.

**БЕДРЕДИН ИБРАИМИ:**

Го сметаме како пратеничко прашање и ќе добие одговор на писмено г-динот пратеник.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Задоволни, ќе добиете писмен одговор.

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

Благодарам, добро.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Повторно се јавува овде за збор г-динот пратеник Харуни Сејфедин.

Ќе Ве молам г-динот Сејфедин Харуни, дали бара збор.

Не бара повеќе. Добро.

Господинот Вејсели Абдулади, ќе Ве молам побара збор.

Вејсели Абдулади, се откажува. Добро.

Збор побара г-динот Љубисав Иванов - Ѕинго. Повелете.

**ЉУБИСАВ ИВАНОВ:**

Господине претседателе, молам да се на оваа седница постави една Информација, во врска со оштетувањето на патиштата во Република Македонија, имајќи го предвид дека во последниве 6-7 месеци тие се интензивно користеа од снагите на НАТО, со возила кои ги преминуваа дозволените тежини дури 100-120 тона па и повеќе. Постои стручно мислење дека, притоа се пореметени долните строеви, горните строеви, дека се направени големи штети и дека тоа во наредните години ќе се манифестира во целата своја вредност и тежина. Патиштата во Македонија големо национално богатство кое ги градеа граѓаните на Македонија и ни се задолжува во странство. Моето прашање е. Колкави се тие штети, како ќе се надоместат, во кој временски период тоа ќе се направи и од кого? Ако денес Владата не располага со таков материјал да се стави на дневен ред, можеме и на наредната седница.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Дали Владата сака да одговори на ова прашање.

**РАДМИЛА КИПРИЈАНОВА:**

Јас доволно не го слушнав г. Иванов што бара од Владата...

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Неговото прашање беше во врска со оштетеноста на патиштата.

**РАДМИЛА КИПРИЈАНОВА:**

Меѓутоа сакам да одговорам дека во Владата се размислува за патната инфраструктура во Македонија и во ПАКТОТ за стабилност, исто така за економскиот дел стои дека, инфраструктурата во овој регион и пошироко ќе биде приоритетно за решавање.

Според тоа Република Македонија заедно со соседните земји, вчера на Владата подготвивме со кои проекти ќе излеземе да бидат санирани од меѓународната заедница. Ние можеме до Парламентот да испратиме со кои проекти ќе излеземе да конкурираме.

Тоа вчера помина на Влада.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Дали г. Иванов е задоволен од одговорот.

Ќе добиете поширока Информација со кои проекти Владата ќе излезе, во врска со Пактот за стабилност и тој сегмент ќе биде обработен.

**ЉУБИСАВ ИВАНОВ:**

Ако добијам такви Информации, ќе бидам задоволен.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Збор побара пратеникот Нано Ружин.

Почитуван претседателе, дами и господа министри и пратеници. Информацијата за состојбата на невладините организации претставува едно мошне интересно прашање, речиси тоа е еден од критериумите за демократичноста на едно општество. Имено кај нас во последно време заради една законска одредба, според која ако имате префикс или суфикс во името на една невладина организација, на пр. Македонски центар, Македонски фонд и т.н., неопходен е потписот на министерот за правда за таа повторно да биде пререгистрирана, така

што се случи голем број невладини организации да не можат да бидат пререгистрирани на таа долга процедура.

Исто така би сакал да истакнам дека за време на косовската криза, за голем број невладини организации таа беше еден вид, можеби и ренесанса, со оглед на тоа што голем број невладини организации се соочија, дадоа свој придонес, меѓутоа дел од нив исто така исчезнаа. Сметам дека како сегмент и како прашање е многу битен за секој политички систем и за демократијата.

Затоа една Информација за актуелната состојба за невладините организации во Република Македонија, мислам дека заслужува да биде на дневен ред или на оваа седница, или на една од следните.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Дали Владата е подготвена да подготви една таква Информација за невладините организации.

**БЕДРЕДИН ИБРАИМИ:**

За време на кризниот период кој успешно, Владата на Република Македонија со сите нејзини граѓани го надмина, дејствуваа многу невладини организации, хуманитарни организации од надвор и од внатре во земјата. Во однос на нивното евидентирање, за пишување во регистарот, Владата ја упрости постапката и беше доволно само да поднесе пријава до надлежниот суд за регистрација, а другата процедура, формалности што требаше Министерството за надворешни работи да ја изврши, односно да ја испита домицилната држава на овие организации, кои се тие организации, каков рејтинг имаат и т.н., фактички беше надминато и овде дејствуваа доста хуманитарни организации.

По однос на прашањето по конкретен одговор ќе добиете како пратеничко прашање, а нема потреба Владата да поднесе Информација и тоа да биде на дневен ред.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Дали пратеникот Ружин е задоволен прво да добие одговор како пратеничко прашање, а после понатаму да оцените дали ќе го поставите како Информација.

**НАНО РУЖИН:**

Не знам дали некои од ова Собрание се активисти во невладини организации или не, меѓутоа сметам дека е мошне битно прашањето да имаме конечно една Информација за вистинската состојба на невладините организации, затоа што, како што велиме тоа е цивилното општество на секое демократично општество и сметам дека е пожелно и веројатно оние кои се членови во таквите невладини организации би ја поздравиле една таква Информација, со оглед што многу од нив одумираат, заради недостаток на средства за функционирање. Сепак сметам дека треба да им дадеме одреден простор во оваа куќа на овие невладини организации.

**БЕДРЕДИН ИБРАИМИ:**

Се прифаќа да се подготви информација.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор. (Никој).

Бидејќи никој повеќе не се јавува за збор, ве молам да гласаме за предложениот дневен ред.

Гласале 84 пратеници. 82 пратеника се за, 1 пратеник е воздржан и 1 пратеник е против.

Констатирам дека е усвоен предложениот дневен ред.

Минуваме на првата точка од дневниот ред - Предлог на закон за изменување на Законот за акцизите.

Предлогот на законот ви е поделен.

Отворам општ претрес. Молам кој бара збор.

Има збор министерот за финансии, како претставник на Владата кој го предлага законот.

**БОРИС СТОЈМЕНОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, дами и господа.

Се поставува прашање што е целта на изменувањето и дополнувањето на Законот за акцизи. Во воведниот збор кога го давав за да се стави на дневен ред овој закон, го кажав следното: Оваа Влада сака цената на нафтените деривати да се формира на пазарен принцип, така да како што се движат цените на светскиот пазар, како се движат другите елементи на цените кои ја прават цената на нафтените деривати, така да се движи и производната цена на нафтените деривати. Тука ништо спорно во тој поглед нема.

Јас морам заради компарација да кажам дека досега тоа не се правело, или досега се определувала производната цена, меѓутоа мислам дека не е долго менувана и пеглањето на цените се вршело

на товар на профитот на претпријатијата, кои произведувале и продавале нафта и нафтени деривати.

На почетокот реков дека оваа Влада се определува за нова методологија на цени, значи производната цена да се менува така како што се менуваат елементите кои ја сочинуваат цената. Таа цена, заради ваша Информација, се определивме да се менува, меѓутоа неа ќе ја определува Министерството за трговија, таа цена да се менува секои 15 дена. Сигурно цената може да се менува и секој ден, ако елементите на цената се менуваат. Меѓутоа, отидовме на тоа таа цена да се менува секои 15 дена, а секои 15 дена цената која ќе се определи како појдовна цена да биде средна цена за овие 15 дена. Тука, реков, тоа не е спорно, тоа е нормално, така се прави секаде во светот и тоа и ние ќе го правиме. Меѓутоа, вие знаете дека цената на нафтата и нафтените деривати обично се движи, има и циклични движења, има некои движења кои некогаш се во права линија, меѓутоа има и циклични движења кои може да влијаат на потрошувачката, на крајот и на животниот стандард на потрошувачите на нафта и нафтени деривати. На пример ако вие имате исти плати и ако цената ви се менува многу во текот на еден временски период, во текот на годината и во текот на еден период, кога имате исти плати, што ќе ви се случи? Ќе се случи, во одреден временски период заради покачување на цените, вие ќе имате помала потрошувачка на нафта и нафтени деривати, а во период кога ќе падне цената да имате вие повеќе можност да купувате нафта и нафтени деривати, а ако земете животот е сепак константен и користењето на возилата за живот постојано користат и тогаш ќе се случува многу семејства и граѓани во државата да имаат проблеми со користењето на нафтата и нафтените деривати. Тоа е првиот момент и оттука се поставува прашањето, кој треба да ја пегла оваа цена.

Ако знаеме дека малопродажната цена сега е составена од производна цена плус акциза, тоа е малопродажната цена, тогаш ако одиме по досегашниот начин на пресметка на цените на акцизите на нафта и нафтени деривати, односно ако акцизата ја изразуваме стално во апсолутен број или релативен број, или конкретно тоа значи процент, што ќе се случи. Штом ќе се зголемат цените на производната цена на нафтените деривати тогаш ќе се зголеми и малопродажната цена, а акцизата е постојано иста. И обратно, ако паднат цените на нафтата и нафтените деривати, тогаш акцизата исто така ќе падне и малопродажната цена ќе падне.

Меѓутоа, се враќам на она што го реков на почетокот. Во такви услови ако ние цената ја менуваме во овој временски период, спрема движењето на цените на пазарот, може да се случи пак да имаме проблеми со потрошувачката на нафта и нафтени деривати од страна на граѓаните.

Ние како Влада одлучивме пеглањето на цената да се врши со акцизата. Значи ако цената се движи, еве имате овде како би се движела цената на нафта и нафтени деривати, ако се примени постоечкиот принцип на нафтата и нафтените деривати. Ние сакаме да немаме такви циклични движења. Сакаме да имаме по благо зголемување или намалување на цената на нафтени деривати, а тоа билансирање на тоа движење, индекс на движење на цените, да го правиме со акцизата.

Затоа ние овде немаме зголемување на акцизите на нафта и нафтени деривати. Според тоа овој закон третира прво, зема дека акцизите се постојани и тие се исти како што се во претходниот закон, пред измената. Меѓутоа одиме во техниката на пресметката на акцизите во текот на годината. Ние велиме на ниво на една година акцизите ќе се пресметуваат врз база на постојните акцизи кои ги имаме ние, во текот на годината билансирањето на цените да го правиме со акцизата. Практично што тоа значи. Во одреден период на време ќе имаме поголеми акцизи, во одреден период на време ќе имаме помали акцизи, а на ниво на година да имаме просечна акциза во Законот за акцизи. Со тоа ќе овозможиме тие циклични движења на цената на нафтата и нафтените деривати малку да ја ублажиме, за да можат луѓето кои имаат постојани плати, потрошувачката да биде по смирена, да не биде толку циклична потрошувачката на нафта од страна на граѓаните на РМ. Или ако земете идеално цените на нафтата и нафтените деривати и акцизата на ниво на година, ќе биде иста. Значи она може да се менува само во текот на годината, под услов ако се менува цената на суровата нафта, односно производната цена на нафтата и нафтените деривати. Значи ставено е тоа за да се менува техниката на пресметувањето на

акцизите во текот на годината, се под услов да имаме малку по постојана цена, за потрошувачката на нафтата и нафтените деривати од страна на и граѓаните и стопанските објекти да биде скоро иста и да нема циклични движења.

Од тој аспект јас предлагам во овој закон, бидејќи не се менува висината на акцизата, таа останува иста, бидејќи се работи за промената на техниката на пресметка на акцизата, предлагам измените и дополнувањата на законот да се прифатат.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Продолжуваме со претресот.

Молам дали некој бара збор. (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес и отворам претрес кон текстот на Предлогот на закон.

Молам дали некој бара збор во текстот на Предлогот на законот. (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 82 пратеници. 65 пратеници гласаа за, 17 се воздржани, а против нема никој.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување на Законот за акцизите.

Минуваме на втората точка од дневниот ред - Предлог на Закон за данокот на додадена вредност.

Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени, односно поделени.

Отворам општ претрес. Молам кој бара збор?

Има збор министерот за финансии г. Борис Стојменов.

**БОРИС СТОЈМЕНОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа пратеници.

Еден од приоритетите на оваа Влада се даночните реформи, односно создавање на даночен систем кој е еминентен на едно пазарно стопанство, бидејќи ориентацијата на оваа Влада е изградба на пазарна економија. Во тој поглед, сигурно даночниот систем влијае на развојот на пазарната економија, односно даночните системи треба да овозможуваат исти услови на сите субјекти кои учествуваат на пазарот. Во тој поглед ние даночниот систем го поделивме на две области.

Прво, даночен систем, односно оданочување на потрошувачката и даночен систем со кој се оданочуваат приходите и имотот на граѓаните. Значи ние прво почнуваме со реформата на данокот на потрошувачката. Затоа денес предлагаме закон, со кој сакаме да извршиме големи реформи на данокот на потрошувачката, а тоа е данокот на додадената вредност. Тоа е еден вид на данок на промет кој се плаќа во производството, во прометот и во извршувањето на услугите. Тој данок фактички го плаќаат сите правни и физички лица кои вршат некоја дејност, дали производна, дали услужна, дали трговска или вршат дејност на услуги.

Тој данок како посебен вид на данок на промет е сеопфатен, тој данок е неутрален, тој данок е ефикасен, а тоа е сегмент, тоа се главни сегменти за да можете вие субјектите на пазарот да ги ставите под еднакви услови на конкуренција. Данокот на додадената вредност е највисокото достигнување во фискалната теорија и практика. Се уште практиката и теоријата не признаваат друг толку праведен и сеопфатен и ефикасен вид на данок, како што е данокот на додадената вредност.

Не случајно сите земји во светот, најголем број земји во светот освен да кажеме САД и Австралија, каде што се преземаат сите усилби да се воведе тој данок на додадена вредност, сите други земји во светот го имаат веќе воведено данокот на додадената вредност. И Европската Унија и сите земји на Европската Унија го имаат воведено тој данок, тој данок на додадена вредност, иако постојат некои разлики во системот на данокот на додадена вредност во поодделни европски земји, меѓутоа тие закони се премногу хармонизирани и меѓу нив скоро нема големи разлики, освен има разлики во даночните стапки, односно систем на стапки кои се применуваат при примена на данокот на додадена вредност.

Данокот на додадената вредност се плаќа во сите фази на промет. Меѓутоа, зошто се вика данок на додадена вредност? Точно е тоа дека тој се плаќа во сите фази на прометот, меѓутоа тој се плаќа само, не се кумулира, туку тој се плаќа само на еден дел од вредноста во дадената фаза, односно тој се плаќа само на ново додадената вредност, која се создава во фазата во која треба да се пресмета и плаќање на тој данок на промет. Затоа се вика и фазен данок, односно данок на додадената вредност. Или со други зборови тој се плаќа на нето вредноста која се ствара во таа фаза. Да кажеме ако јас

имам 100 единици сум набавил стока, таа стока ја продавам сега по 110 единици, плаќам данок на додадена вредност само на 10-те единици, а не и на 110 единици данок, претходниот данок е веќе платен во претходната фаза и тој не се кумулира. Реков обврзници на тој данок, се сите обврзници кои вршат стопанска дејност со одредени исклучоци. Така што кога го создадовме ние тој систем на данок на додадена вредност за нашата држава, појдовме како и сите други земји да не кажуваме што се оданочува, бидејќи сето тоа не можеме да го наброиме, меѓутоа тргнавме од така наречената негативната дефиниција на оданочувањето, да определиме што нема да оданочуваме и се што друго не кажеме дека тоа друго не е тоа што не се оданочува, се останато се оданочува. Бидејќи ние имаме многу малку ослободувања од плаќање на данок на додадена вредност, вие лесно можете тие да ги наброите и да ги дефинирате, дали се тоа производи, дали се стоки, дали се тоа услуги. Значи фактички во принцип се оданочува скоро се со тој данок на додадена вредност. Реков го плаќаат сите, се определивме да го плаќаат сите даночни обврзници, односно претприемачи и правни лица.

Меѓутоа, за малите претприемачи, земјоделци и други претприемачи кои немаат голем промет, решенијата во овој Закон за додадена вредност е да тие не бидат обврзници за данок на додадена вредност, меѓутоа тие да бидат обврзници на данок на потрошувачка, односно како крајни потрошувачи тие при набавката ќе треба да го платат целиот данок. Основица за тој данок е додадената вредност. Има повеќе принципи на пресметката на основицата на данок на додадена вредност, има директни принципи, методи, индиректни методи. Директна метода е кога вие собирате од што се состои додадената вредност, плата, амортизација, трошоци и т.н., тоа ни е битно или пак да се определува основицата индиректно. Ние се определивме за така наречена индиректна метода за утврдување на основицата на данок на додадена вредност. Што е тоа?

Тоа е многу едноставна. Вие земате колку сте платиле данок во претходната фаза, односно колку треба да платите вкупно данок како субјект, од тоа минусирате данок кој сте го платиле во претходната фаза. Разликата е данок кој треба да го платите. Ние се определивме за тој принцип на пресметување на основица за пресметување и плаќање на даночна основица. Мислиме дека тоа го прават скоро сите земји и во тој поглед мислам дека нема да имаме техника на пресметување и плаќањето на тој вид на данок на промет. Што е битно во тој данок.

Во принцип тој данок ги ослободува инвестициите од оданочување. Зошто го направивме тоа? Некаде се оданочуваат инвестициите во системот на данок на додадена вредност. Меѓутоа, ние се определивме како држава да ги ослободиме инвестициите од данок на додадена вредност, со цел да можеме во Македонија во наредниот период да се стимулира инвестиционата потрошувачка, односно набавка на опрема, изградба на објекти и т.н., а тоа е еден од елементите за развој на стопанството.

Според тоа, овој данок во принцип се плаќа штом некоја стока се произведе, се плаќа данок, штом некоја стока се увезе во Македонија се плаќа данок на додадена вредност, во принцип штом некоја стока, услуга или производ се извезе од Македонија на тој производ не се пресметува и не се плаќа данок на додадена вредност. Значи се оданочува потрошувачката во рамките на земјата. Тој систем на данок на промет овозможува исто така да се обезбеди конкурентност на производите на домашните и странски производи. Заради тоа што со тој систем на данок на промет штом се извезе производ, тој производ е ослободен од даноци таа земја која го увезува на него пресметува даноци и придонеси, т.е. данок на додадена вредност и во тој случај вие имате исти услови на оданочување и на домашните и на странските конкуренти.

**БОРИС СТОЈМЕНОВ:** (Продолжение)

Сега во поглед на стапките прашањето е какви даночни стапки? Ние се определивме за повеќе даночни стапки. Вие како пратеници мора да знаете дека во системот на данокот на додадена вредност, би требало да се применува само една даночна стапка. Тогаш тој систем е премногу ефикасен, тогаш евазијата на данокот скоро е исклучена. И има земји кои применуваат единствена стапка на данок на додадена вредност. Меѓутоа тоа е малку потешко. Праксата покажува дека ова е малку потешко, потешко применливо, затоа што тоа зависи од условите на земјата, развиеноста на земјата и т.н., иако е тоа добро, меѓутоа во пракса обично се оди на две даночни стапки и повеќе. Меѓутоа, ние се определивме за второто, за две даночни стапки, затоа што ќе видите вие покасно, ако вие имате една стапка на данок, во тој случај бидејќи тоа е потрошувачка, данок на потрошувачка, страдаат сиромашните.

Техниката на тој данок е таква да товарот на потрошувачката, товарот на тој данок се пренесува на крајниот потрошувач. Бидејќи крајниот потрошувач ако ја земете структурата на населението е обично, тие се сиромашни луѓе, тогаш тој данок обично не го плаќаат богатите, го плаќаат сиромашните. Ако секоја држава е социјална држава во тој случај таа мора да прави интервенции. Од тие причини се воведуваат повластени стапки за некои производи, кои се од интерес за животниот стандард на луѓето и таа неправда на систем на данок на додадена вредност по малку се намалува. Затоа и ние тоа го направивме.

Во поглед на стапките сакам да ве известам дека Европа има стапка, општа стапка е од 15 до 25%. Мислам дека е Луксембург 15, Данска е 25%. Ние се определивме за стапка од 19%. Многу мала стапка. Многу Европски земји се над оваа стапка. Јас морам да ви кажам тоа е определбата на таа Влада, индиректно вкупните даноци и придонеси ги намалува, со еден ризик да може да се случи оваа стапка на данок на промет може да се случи да не создаде толку средства на Буџетот колку и се потребни на државата.

Меѓутоа, нашите пресметки укажуваат на тоа дека таа е доволна, меѓутоа во секоја стапка има и одреден ризик. Значи ние отидовме за разлика од другите европски земји на помала стапка, општа стапка на данок на додадена вредност. Дури ние воведовме и повластена стапка. Повластената стапка е 5%. Таа стапка споредено со другите европски земји е следната, кај европските земји повластената стапка се движи од 5 до 9%. Ние ја земавме минималната стапка. Значи најмалата стапка. Според тоа, во поглед на стапките на данок на додадена вредност кои сакаме да ги воведеме сме земја со најмали стапки сега меѓу земјите во Европската Унија.

Кога кажувам дека тој данок ја спречува евазијата, зошто ја спречува евазијата? Ја спречува евазијата на данокот, бидејќи сите корисници помеѓу себе се, односно даночни обврзници помеѓу себе се контролираат. Помеѓу себе, веќе не ги контролира самата инспекција, меѓутоа се контролираат самите себе. Затоа што секој плаќа данок, меѓутоа секој има право да врати повеќе платениот данок. И тој сега има интерес да го врати тој данок што го платил. Штом има интерес да го врати, тој мора да има документација, штом има документација, тој не ја контролира само сопствената документација, туку ја контролира и документацијата на претходникот и документацијата на тој наредниот. Така што таа меѓусебна контрола овозможува даночната евазија да биде сведена на помала мера. Не тврдам, ниту пак тоа ќе се случи, ние потполно да ја исклучиме евазијата на даноците со воведувањето на тој систем на данок на додадена вредност. Тој данок, систем на данок има и негативни последици.

Прво, тој данок може да создаде инфлаторни дејства. Јас слушнав кога зборувавме за даноците, еве и за обичниот данок на промет кој го имаме сега во нашата пракса дека со зголемувањето на данокот или акцизите се зголемува инфлацијата, може се зголеми инфлацијата во дадената земја. Тој данок веќе, посебно данок на додадена вредност, тоа може да го направи. Што треба да направиме ние? Не сакаме инфлација, може да ни се случи инфлација. Кој одбранбен систем ние го предвидовме?

Прв одбранбен систем е што таа стапка е мала, за разлика од стапките на европските земји. И вториот механизам ќе биде што до приемната на овој закон на додадена вредност од 1 јануари 2000-та година, ние ќе извршиме измени и во другите системи на данок, а тоа е повеќе во данокот на доходот и данокот на имот. Со тоа мислиме дека ќе ја спречиме инфлацијата што може да се случи со воведувањето на данок на додадена вредност. Обично тој систем на данок предвидува мали даночни ослободувања, затоа што во принцип секој треба да плаќа данок и во тој данок ние предвидуваме мали даночни ослободувања.

И на крајот би ве замолил, бидејќи секој текст на законот не е нај идеален, нема идеален текст на законот. Ние мислиме дека тој текст кој го предлагаме е добар, меѓутоа не патиме од комплекс дека тој е идеален текст на законот. Меѓутоа сакам да кажам на одредени принципи, ако веќе некој претпоставува измени на текстот на законот. Кога се работи за ослободување, кога се работи за повластена стапка од 5%, кога се работи за стапката од 19%, со овој закон е направена комбинација на оптимална комбинација на ослободувањата на стапката 5% производи, кои се во стапка од 5% и тука е определена стапка од 19%. Секоја измена на ослободувањата, ако се прошират ослободувањата на пример ако се прошират производите, кои ќе се вметнат со стапка, повластена стапка од 5%, тогаш се наметнува веднаш логика на зголемувањето на стапката од 19%. Тоа е принципиелно прашање.

Меѓутоа, независно од тие принципи кои се дадени во тој закон за додадена

вредност, секој има право да критикува и да поднесува амандмани и за тоа јас ќе бидам благодарен.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г. Стојменов за образложението во врска со Законот за данокот на додадената вредност.

Отворам претрес. Кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Законодавно - правната комисија поднесе амандмани на член 12 став 1, точка 1 и 2 и став 2 точка 3. Член 29, член 27 став 2, член 30 став 2, членовите 34 став 3, член 36 став 2, 37 став 6 и 52 став 6 и на член 35 точка 3, со кои се согласил претставникот на Владата и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Законодавно - правната комисија поднесе амандмани на член 10 став 1 и 2, и на член 58 став 2 и 3, по кои Владата не се произнела, Комисијата за финансирање и буџет поднесе амандман на член 64.

Пратениците Стојан Андов и Љатиф Пајкоски поднесоа амандмани на член 24 став 1 и на член 6 став 2, по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Жарко Караџоски поднесе амандман и на член 14 став 3 и на член 23 по кои Владата не се произнела.

Комисијата за труд и социјална политика поднесе амандман и на член 23, по кои Владата не се произнела.

Комисијата за стопанство поднесе амандман и на член 30 став 1, член 45 став 2 и за додавање на нов член 63-а, по кои Владата не се произнела.

Пратениците Кирил Андоновски, Васил Ефтимов, Васе Манчев и Замир Дика, поднесоа амандман на член 24 за додавање нова точка 10 по точката 9, по кои Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 6 став 2, поднесен од пратениците Стојан Андов и Љатиф Пајкоски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**БОРИС СТОЈМЕНОВ:**

Досега угостителството беше ослободено од данок или плаќаше данок по повластена стапка од 5%, меѓутоа не како услуги, како данок на промет на производи.

Со оглед на тоа што сакаме да создадеме рамноправен третман и еднакви услови, економски услови и даночни услови на сите даночни субјекти, обврзници, од тие причини на разликата на додадената вредност, која се создава во угостителството треба да се пресметува данок на промет како и сите даночни други обврзници.

Од тие причини овој амандман не се прифаќа.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 76 пратеници, за 22 пратеници, против 51 пратеник, тројца воздржани.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 6 став 2, поднесен од пратениците Стојан Андов и Љатив Пајкоски.

Отворам претрес по амандманот на член 10 став 1 и 2 поднесен од ЗПК.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**БОРИС СТОЈМЕНОВ:**

Амандманот не се прифаќа.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 76 пратеници, за 10, воздржани 8 и 58 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 10 став 1 и 2, поднесен од ЗПК.

Отворам претрес по амандманот на член 14 став 3, поднесен од пратеникот Жарко Караџоски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**БОРИС СТОЈМЕНОВ:**

Амандманот не се прифаќа, затоа што има друг амандман кој е во контекст на тој, па можеби тој ќе се усвои.

Амандманот не се прифаќа.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

За гласаа 17, 1 е воздржан и 50 пратеници се против.

Според тоа, констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 14 став 3, поднесен од пратеникот Жарко Караџоски.

Отворам претрес по амандманот на член 23, поднесен од пратеникот Жарко Караџоски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**БОРИС СТОЈМЕНОВ:**

Од истите причини амандманот не се прифаќа.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор?

Има збор господинот пратеник Жарко Караџоски.

**ЖАРКО КАРАЏОСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани министри, почитувани колеги, би сакал накусо да кажам, кои се причините поради кои го поднесов овој амандман.

Сметам дека истиот треба да биде прифатен, бидејќи со овој амандман во стапката, поточно во членот 23, каде што се зборува за даночни ослободувања, предлагам како услуга која би се ослободила од плаќањето на данокот, да бидат и адвокатските услуги. Морам да образложам кои се тие причини.

Прво, адвокатските услуги и до сега во постојниот закон беа ослободени од плаќањето данок и тоа право е веќе стекнато право. Сега со овој закон, не само што се предлага воведување на нова услуга, односно оданочување на адвокатските услуги, туку истите услуги влегуваат во онаа општа стапка од 19%.

Сакам да напоменам дека адвокатската професија моментално и овие години наназад, единствениот вентил преку кој младите правници кои положиле правосуден испит, имаат можност да се вработат преку вршењето на самостојната дејност како адвокат. Ако земеме предвид колку претпријатија имаат своја стечајна постапка, колку со транзицијата и реформите и колку млади правници фактички останаа без работа, не по нивна вина и својата перспектива ја гледаат преку адвокатската дејност, особено ако се земе предвид дека во последните години бројот на адвокатите е значително зголемен, со едно вакво решение што се предлага во овој закон, сметам дека на оваа професија буквално ќе се наруши основната работа.

Од тие причини, предлагам колегите пратеници да ме поддржат и да го прифатиме овој амандман.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на господинот пратеник Жарко Караџоски.

За збор се јави господинот пратеник Томислав Стојановски.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Почитувани колеги, верувајте ми дека не се јавувам во име на адвокатите, туку сакам да изнесам едно мое размислување. Бев адвокат и сум се уште, меѓутоа, не мислам да ја продолжам таа практика.

Сакам да укажам на една вистина. Со Уставот на Република Македонија се гарантираат правата и слободите на човекот. Инструмент или институција преку кој, а се заштитуваат овие права и слободи е адвокатурата, која е уставна категорија. Ако сега сакаме да го заштитиме најценетото на човекот, дали како држава ќе се определиме заштитното средство да го оптовариме со трошоци, кои ќе треба крајно сепак да паднат на потрошувачот. Ова е моето размислување во однос на законот и во однос на фактичката состојба, кога се во прашање правата и слободите на граѓанинот.

Јас Ве повикувам да го поддржиме амандманот на господинот Жарко и да се изврши пополнување на член 23 точка 21, каде ќе стои дека се ослободуваат и адвокатските услуги.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на господинот потпретседател Томислав Стојановски.

Има збор господинот Борис Стојменов.

**БОРИС СТОЈМЕНОВ:**

Владата на Република Македонија долго време расправаше околу Законот за додадена вредност. Тие предлози кои сега се дадени беа разгледувани на Владата. Тој закон е предложен од Владата со следното образложение.

Сигурно е тоа дека има луѓе кои бараат помош, за да остварат човекови права. Меѓутоа, сето тоа се остварува преку некоја дејност. Во принцип, секој е обврзник на данок на додадена вредност и во тој поглед не се штитат граѓаните, меѓутоа се штитат претприемачите, односно тие кои вршат одредени услуги.

Со оглед на тоа што ние размислувавме, бидејќи тие имаат некое

стекнато право, мислам на адвокатите, тоа не е заради заштита на граѓаните, заради тоа што тоа се доби со штрајк, долг време штрајкуваа во претходниот период сите адвокати и под притисок на штрајкот тие извојуваа да бидат ослободени во претходниот закон од плаќањето на данок на промет на услуги, така што тоа беше извојувано со штрајк. Тоа победи како стекнато право. Во тој поглед ние имаме предлог да не одат на стапка од 19%, имаме некое преодно решение, иако Владата тоа не го прифати, меѓутоа имаме некое преодно решение и кај нив ќе се поднесе амандман да бидат со стапка од 5%, а никако да бидат посебно ослободени од данок, затоа што таква професија нема во Македонија. Законот би бил дерогиран ако тоа се усвои.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Повторно Томислав Стојановски побара збор.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Не го делам мислењето со господинот министер дека правата на адвокатите дошле како последица на штрајк. Тоа беше по уверување на општеството, односно Собранието во тоа време дека овој дел од општеството ќе треба да се ослободи од такви обврски, па сега на господинот министер му укажувам на едно правило во законодавството, дека стекнатите права многу тешко се нарушуваат. Меѓутоа, сакам да прочитам еден друг дел. Тоа се однесува на лекарите стоматолози и слично. Се вели: "Услугите во рамките на професионалната дејност на доктори, стоматолози и забни техничари или друга слична професија, како и испорака на забни протези од страна на стоматолози забни техничари". Не говорам дека здравството не треба да се протежира, не говорам дека тоа не е потребно. Меѓутоа, ако се одлучиме да го штитиме телото на човекот, зошто духот да не го заштитиме и богатството на човекот е во духот. Здравствените установи постојат навистина за лекување, меѓутоа во делот на професијата, во делот на достоинството на човекот имаме посебна гаранција во Уставот, каде велиме дека правата и слободите се заштитени и секогаш како доказ пред меѓународните заедници докажуваме дека имаме и реално средство, а не дека овој дел од Уставот ни е памфлет. Плаќањето на овие придонеси, дали во зголемена или мала форма, не велам дека не треба да се ценат, меѓутоа, овде е принципот дали достоинството на човекот ќе треба да го оптовариме со давачки кон државата.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Има збор министерот Борис Стојменов.

**БОРИС СТОЈМЕНОВ:**

Едно е важно дека ние како држава ја прифативме Шестата директива на Европската Унија, тој закон го правиме врз база на шестата директива. Во неа, во Шестата директива адвокатите не се во таква положба во која вие сакате да ги претставите во Европа.

Исто така, морам да кажам дека духот на телото е и уметноста, и книгата и поезијата, па таа не е ослободена од данокот на додадена вредност.

Според тоа, јас мислам дека овој амандман не треба да се прифати.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Има збор господинот Жарко Караџоски, повторно.

**ЖАРКО КАРАЏОСКИ:**

Во однос на изјавата на господинот министер за европската интеграција и адвокатурата во Европа, јас би бил спремен да се откажам од амандманот, доколку Република Македонија има закон за адвокатура каков што има Европската Унија.

На овој начин како што сега имаме Закон за адвокатура и каква е сега положбата на адвокатите, незаштитена во вршењето на својата дејност како јавна професија, каде секој може да биде надри писар и да работи, а адвокатурата не е заштитена, таквата функција во Европа ја нема адвокатурата.

Од тие причини, токму затоа го барав овој амандман.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

МУ благодарам на господинот Караџоски.

Има збор господинот Нано Ружин.

**НАНО РУЖИН:**

Јас сакам да го прашам министерот околу Шестата директива, бидејќи мислам дека сепак се работи за погрешен превод, бидејќи со директиви не се функционира на ниво на Совет на Европа и друга држава, туку повеќе се работи за еден вид претпоставувам советодавна работа, така што можеби народот ќе помисли дека се прифаќаат директиви, мислам збор кој што е зад нас. Тоа ми беше забелешката.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Да привршиме со расправата.

Бидејќи друг не се јавува за збор,

амандманот го ставам на гласање.

Вкупно гласале 78 пратеници, од кои 28 за, 9 воздржани и 41 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 23, поднесен до пратеникот Жарко Караџоски.

Отворам претрес по амандманот на член 23, поднесен од Комисијата за труд и социјална политика.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**БОРИС СТОЈМЕНОВ:**

Амандманот се прифаќа.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

Отворам претрес по амандманот на член 24 став 1, поднесен од пратениците Стојан Андов и Латиф Пајкоски.

Молам претставникот на Владата да се произнесе.

**БОРИС СТОЈМЕНОВ:**

Амандманот не се прифаќа.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа, според претставникот на Владата.

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Вкупно гласале 65 пратеници, од кои за амандманот 13, воздржани 2 и 50 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 24 став 1, поднесен до пратениците Стојан Андов и Латиф Пајкоски.

Отворам претрес по амандманот на член 24 за додавање нова точка 10 по точката 9, поднесен до пратениците Кирил Андоновски, Васил Ефтимов, Васил Манчев и Замир Дика.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**БОРИС СТОЈМЕНОВ:**

Амандманот не се прифаќа од следните причини, бидејќи со овој закон сите инвестициони објекти се ослободени од данок на додадена вредност, опрема, градежни објекти и т.н., така што тој амандман нема практична примена. Значи, решенијата на тој амандман веќе се содржани во законот, каде што нема потреба од негово прифаќање.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Вкупно гласале 68 пратеници, од кои за амандманот 15, 49 против и 4 воздржани.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 24 за додавање нова точка 10 по точката 9, поднесен од пратениците Кирил Андоновски, Васил Ефтимов, Васил Манчев и Замир Дика.

Отворам претрес по амандманот на член 30 став 1, поднесен од Комисијата за стопанство.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**БОРИС СТОЈМЕНОВ:**

Бидејќи во овој амандман има една широка лепеза на набројување на производи кои треба да бидат ослободени, односно да бидат под повластена стапка, не се прифаќа овој амандман, меѓутоа ние го ресепткиравме амандманот, намерата на амандманот ја респектиравме, така што тој не се прифаќа, меѓутоа истовремено Владата врз база на тој амандман предлага свој амандман, кој да гласи:

"Детергенти за миење на садови и перење ан алишта, тоалетен сапун, сапун за перење, пасти за заби, пудра и креми за деца, беби масла, беби млека, шампони за коса и бањање, освен за домашни миленичиња, презервативи, средства за заштита од бременост и хигиенска влошка", односно во овој закон да го внесеме она решение кое го имавме досега, кое веќе го усвоивме.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Почитувани пратеници, според Деловникот ние мораме да гласаме по амандманот ваков каков што е, а до завршувањето на процесот на расправа, можете да поднесете амандман во писмена форма.

**БОРИС СТОЈМЕНОВ:**

Имаме амандман од Владата.

**ЃУЛИСТАНА МАРКОВСКА:**

Мислам дека може, бидејќи станува составен дел на законот, не го гласаме.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Во тој случај, ние мора да се произнесеме по овој амандман.

Го ставам на гласање амандманот на член 30 став 1, поднесен од Комисијата.

За амандманот гласале 27 пратеници, 6 пратеници се воздржани, 40 пратеници се против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 30 став 1, поднесен од Комисијата за стопанство.

Отворам претрес по амандманот на член 45 став 2, поднесен од Комисијата за стопанство.

**БОРИС СТОЈМЕНОВ:**

Ве молам имаме амандман од Владата, кој веќе го спомнав.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Има амандман, Ве молам, во процедурата Владата го поднесува во писмена форма и тој амандман.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Може на седница.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Додека трае седницата може да поднесе амандман.

Не е битно на кој член и кога ќе се вратиме ние, но ако сметате дека треба да има амандман, кој денес треба да го усвоиме, Ве молам службите во писмена форма да ни го достават.

Тоа е редот на нештата.

Не можете усно да поднесувате амандмани.

Според тоа службите нека подготват амандман, министерот ја издиктира содржината на амандманот и нека се подготви.

Ние одиме понатаму.

Отворам претрес по амандманот на член 45 став 2, поднесен од Комисијата за стопанство.

Го молам претставникот на Владата па се произнесе.

**БОРИС СТОЈМЕНОВ:**

Амандманот се прифаќа.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Добро. Отворам претрес по амандманот на член 58 став 2 и 3, поднесен од Законодавно - правната комисија.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**БОРИС СТОЈМЕНОВ:**

Амандманот не се прифаќа.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Отворам претрес.

Дали некој бара збор по предложениот амандман? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Вкупно гласале 65 пратеници, 11 за, 4 воздржани и 50 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 58 став 2 и 3, поднесен од Законодавно - правната комисија.

Отворам претрес по амандманот за додавање нов член 63-а, поднесен од Комисијата за стопанство.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**БОРИС СТОЈМЕНОВ:**

Амандманот се прифаќа.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 64, поднесен од Комисијата за финансирање и буџет.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата, но го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**БОРИС СТОЈМЕНОВ:**

Амандманот се прифаќа.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на закон.

Дали некој бара збор.

Има збор потпретседателот Томислав Стојановски.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Господине претседателе, ние имаме еден документ тука како амандман од Законодавно - правна комисија баш на член 30, каде говори да се додаде точка 3 и во повластено оданочување, така да кажам, се предвидува адвокатски и нотарски услуги.

Веројатно е направена грешка, а со овој предлог всушност, амандман се согласил претставникот на Владата.

Сега излегува дали министерот ќе се произнесе по овој текст или не, нека каже, па да гласаме за текстот.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Добро, му благодарам за оваа сугестија на потпретседателот Стојановски.

Го молам министерот да се произнесе.

**БОРИС СТОЈМЕНОВ:**

Овој амандман Владата може да го прифати, затоа што таа имаше амандман. Ако во него стои "адвокатски услуги, нотарски услуги, ревизорски услуги и сметководствени услуги".

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Молам, г-дине Стојановски, дали вие имате коментар на ова?

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Јас говорев за постојан амандман на Законодавно - правната комисија, а ако има и друг амандман за кој треба да се говори и да се одлучува, тогаш да го гласаме. Тој на ЗПК не е условен со "да" или "не", повеќе или помалку, туку колегите, јас не сум учествувал во работата на ЗПК, тие одлучиле и поднеле ваков амандман и јас како пратеник го поддржувам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Претседателот на ЗПК г-динот Киро Андоновски побара збор.

**КИРИЛ АНДОНОВСКИ:**

Мислам дека е направена процедурална грешка, таму има во извештајот на ЗПК со поднесените амандмани 2, 3, 4, 5, 6 и 7, се согласи претставникот на Владата. А, со амандманите 1 и 8, Владата дополнително ќе се произнесе.

Меѓутоа, очекувајќи дека е согласна Владата за овој амандман што е поднесен на членот 30, сметав дека е прифатен. Сега испаѓа дека тој не бил прифатен од претставникот на Владата и сега дополнително се произнесуваме.

Затоа, и не беше прочитан веројатно во сценариото.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Да ве потсетам, јас кога читав реков дека, ЗПК поднесе амандмани на тие и тие помеѓу кои и на член 30 став 2, со кој се согласил претставникот на Владата и тие се составен дел на текстот на предлогот на законот.

Тоа јас го прочитав и тоа помина.

**КИРИЛ АНДОНОВСКИ:**

Во ред е тоа и значи е прифатено од Владата.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Тоа е прифатено и е составен дел на законот.

**КИРИЛ АНДОНОВСКИ:**

Тогаш не треба ни да се гласа за тој амандман.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Сега немојте не е прифатено, прифатено е, таму пишува вака како што е.

**БОРИС СТОЈМЕНОВ:**

Барам 10 минути пауза, за да се консултираме за овој амандман.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Ние можеме да поминеме и да ја завршиме расправата по оваа точка и да поминеме на следната точка, а Владата нека си подготви амандман и после ќе се вратиме на оваа точка за да ги усвојуваме или да не ги усвојуваме амандманите, за да не губиме време.

Молам, дали уште некој друг бара збор, во врска со овој закон и дали имате некој друг предлог? (Нема).

Ако немате, јас ја заклучувам расправата, а гласањето ќе го обавиме после поднесените овие два амандмани од страна на Владата.

Дали ќе ги прифатиме или нема да ги прифатиме и тогаш ќе го гласаме во целина законот.

За да не губиме време, да поминеме на следната точка.

Минуваме на точка 3 - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за трговија, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на закон, со предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието, Ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за трговија.

Ве молам да гласаме.

Од 61 пратеник, 60 гласале "за", воздржани нема и 1 има против.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и предлогот на закон.

Молам, да гласаме.

61 се "за". Воздржани нема. Против се двајца.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по предлогот на законот.

Молам дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

ЗКП поднесе амандмани на член 1, став 1 и 2, член 2 и за менување на член 9, по кој Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 1, став 1 и 2, поднесен од ЗПК.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЗАМЕНИК МИНИСТЕР ЗА ТРГОВИЈА:**

Почитуван претседателе, Владата го прифаќа амандманот.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Значи, се прифаќа амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 2, поднесен исто така од ЗПК.

Молам, претставникот на Владата да се произнесе.

**ЗАМЕНИК МИНИСТЕР ЗА ТРГОВИЈА:**

Амандманот по член 2 се прифаќа.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Исто така, имаме и отворам претрес по амандманот за менување на член 9, поднесен од ЗПК.

Дали го прифаќате?

**ЗАМЕНИК МИНИСТЕР ЗА ТРГОВИЈА:**

Да, амандманот се прифаќа.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Значи, се прифаќа и тој амандман.

Според тоа, продолжуваме со претресот по текстот на Предлогот на законот.

Молам, дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

57 пратеници гласаа "за". 3 пратеници беа воздржани. Против нема.

Констатирам дека Собранието го донесе законот за изменување и дополнување на Законот за трговија.

Ги молам пратениците кои се надвор од просторијава да влезат, бидејќи сме на работ на кворумот, а ние постојано гласаме како што гледате и затоа ако е можно помалку шетање надвор, туку да си влезат внатре во салата каде што работиме.

Минуваме на точката 4 - Предлог за донесување на Закон за постигнуваше на оспособеност за 2000-та година, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на закон и извештаите на работните тела на Собранието, Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по предлогот за донесување на законот.

Молам, дали некој бара збор?

Збор побара г-динот Ханџиски Благоја.

**БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ:**

Претседателе, немаме кворум.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Пошто немаме кворум, немаме и збор.

Ние можеме да провериме дали имаме кворум.

Молам, за да провериме дали имаме кворум, да се вклучи апаратот и да видиме колку пратеници се присутни денеска овде.

Било како да гласате да видиме дали се присутни.

Притиснете кое сакате од овие копчиња, да видиме дали имаме кворум.

Навистина, ова нема смисла.

Молам, гласајте било како за да видам колку се присутни пратеници овде.

Уште еднаш да го повториме гласањето, да бидеме сериозни, инаку ќе ја прекинам седницата.

Ќе ве молам, од овој момент да притиснеме било кое од овие копчиња и да видиме колку се присутни во салата.

Значи, од овој момент гласаме.

Во салата се присутни 67 пратеници.

Според тоа, можеме да одиме понатаму.

Значи, прво, да прашам дали некој побара збор по оваа точка?

Збор побара пратеникот Дика Замир.

Не е присутен во салата.

Збор побара пратеникот Пемов Илија.

**ИЛИЈА ПЕМОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани претставници на Владата, почитувани колеги пратеници, добро е што во предлогот на овој закон на ниедно место не е спомнат многу популарниот израз "милениумска бубачка", бидејќи тој израз е потполно погрешен. Овој проблем со 2000-та нема никаква врска со новиот милениум, кој што започнува, како

што знаете, една година подоцна. Ниту со крајот на овој милениум, туку со крајот на векот. И, потполно истиот проблеми ќе ги имавме да бевме сега, да речеме, 1899 година. Дури и престапноста на 2000-та година не е воопшто поврзана со новиот милениум, туку се повторува на секои 400 години. Тука не се работи ниту за класична бубачка, бидејќи компјутерските бубачки се јавуваат поради не намерни програмски грешки. А, користењето на две цифри за претставување на годините е свесна одлука на програмерите. Но, како и да го нарекуваме овој проблем, сепак постои. А, некои го сврстуваат меѓу најголемите проблеми, со кои се соочил модерниот свет.

Во 12,00 часот на полноќ на 1 јануари 2000-та година, сабота, огромен број компјутери и микро контролери вградени во разни системи ќе престанат правилно да функционираат. Тоа би можело да предизвика вистински кошмар во секоја сфера на животот, во секој регион во светот.

Да цитирам само една порака која кружеше на интернет. Во пораката стои: "Новата 2000-та година дочекајте ја онаму каде што сакате, но внимавајте околу полноќ да не се најдете случајно во авион, лифт, пред семафор или во болница". Мислам дека не би требало да не фаќа паника, иако во мода се многу апокалиптични сценарија. Бомбардирани сме со книги, со филмови во кои се предвидуваат секакви катастрофи. Еколошки, климатски, енергетски, нуклеарни, разни космички катаклизми, доаѓаме на астероиди, комети вонземјани и т.н. Еве, сега што се не се пишува за потполно помрачување на сонцето, што требаше да се случи на 11 август оваа година. На ова треба да ги додадеме и пророштвата на Нострадамус, некои религиозни пророштва за повторно појавување на Исус Христос и т.н.

Сите овие настани, заради кој знае кои причини луѓето потсвесно ги поврзуваат и со овој проблем. Сите настани кои што требаше да случат помеѓу преминот помеѓу двата милиниума, треба да се случат во 1999, 2000-та или 2001 година, а токму и овој чисто технички или компјутерски проблем ќе се случи во последната година од милениумот.

Од таму и парадоксот, што дури и интернет тој брилијантен производ на компјутерската ера, постана висински форум со илјадници дискусии од типот како да се преживее последниот компјутерски крах, за кои некои дури предвидуваат дека тоа ќе значи и крај на цивилизацијата каква што денес ја познаваме. Но, што, всушност претставува проблемот со 2000-та година. Тој многу едноставно се објаснува. Кога пред 30-тина години се појавиле компјутерите штедејќи на скапата меморија програмерите ги запишувале годините со две, наместо со 4 цифри.

Инаку, меѓувреме компјутерската технологија отиде толку далеку, што денес еден обичен персонален компјутер има повеќе меморија, отколку што имале сите компјутери сите во Македонија, да речеме пред 10-тина години. Програмерите кои од секогаш се обидуваат своите програми да ги направат што по кратки и по ефикасни, продолжиле со таа пракса без да ги предвидат сите последици од тоа, претпоставувајќи дека до 2000-та година, сите компјутери и програми сигурно ќе се изменат. Како што денес знаеме тоа не се случи.

За овој проблем не треба да се обвинуваат само програмерите туку често се виновни и самите корисници. Кога треба да внесуваат многу податоци за датуми, тие редовно бараат преку тастатурата да внесуваат само две цифри за годините. Но, и сите ние многу често употребуваме две цифри за годините. Кога кажуваме, нели дека тоа и тоа се случило во 1965 година, генерација 1973 година или во сезоната 1998 - 1999 година. Дури и самиот проблем со 2000-та година, кој што произлегува скратување, ние скратено го нарекуваме проблем ипсилун два ка. (у.кк.), со што практично ја правиме истата грешка. Луѓето точно знаат што значи бројот 99 во датумите. Но, компјутерите се многу лоши во користењето на контекстот за да го разберат тоа. Ако не се компатибилни со 2000-та година, тие ќе заклучат дека после 1999 година доаѓа 1900 година, и тогаш ќе се збунат, ќе погрешат или ќе се исклучат односно ќе се однесуваат потполно непредвидливо. Меѓутоа, покрај непредвидливоста во однесувањето, непредвидливо е и времето кога бе се јави тој проблем. Ако ги земеме предвид разликите на временските зони и точноста на компјутерите, каде некој е со неколку минути напред или назад, луѓето со право очекуваат дека најмногу проблеми ќе се јават на 31 декември 1999 година и 1 јануари 2000-та година. Но, дури и ако успешно го поминат тој тест, компјутерите можат да пропуштат, да забележат дека 2000-та година за разлика од другите години кои што завршуваат на 00 е престапна година.

Како што знаеме една од мерките за подобрување на Грегоријанскиот календар во

16 век била и таа секоја 400-та година да биде престана. А, како што сакала среќата ќе биде прв пат да се применува ова правило. Затоа, препознавањето на престапноста на идната година, е еден од условите за оспособеност за 2000-та година, како што стои во член 2 од овој Предлог на законот. Но, голема грешка е ако се мисли дека проблемот ќе се случи само на 1 јануари или 20 февруари 2000-та година. Тој веќе се појави. На пример, уште во 1993 година во Боинг забележале грешки во програмата, која ги обработувала 7-годишните залихи или прачки. Друг пример уште во истата 1993 година Асошијејтед прес, објавил дека некоја американка ја одбила поканата за запишување во градинка. Државниот компјутер погрешил, мислејќи дека бројот 88 значи дека таа е родена 1988 година. Меѓутоа таа била родена 1888 година, односно се работело за 104 годишна старица.

**ИЛИЈА ПЕМОВ:** (Продолжение)

Минатата година во Анвеј една голема американска компанија за производство на продукти за лична хигиена, требало да се исфрли огромна количина на хемикалии, за кои поради компјутерска грешка мислела дека се стари 100 години.

Многу компјутерски каси се блокирале кога корисниците сакале да ги употребат своите кредитни картички, кои биле со рок на важење до годината 00. Вакви примери има безброј.

Според една студија до крајот на минатата година, повеќе од 40% од организациите во САД, веќе се соочиле со овој проблем. Иако тој процент кај нас е сигурно помал, сепак до крајот на годината мора да се заврши многу работа. Но колку и да се работи на тоа многу компјутери и програма во иднина ќе останат со овој проблем. Се додека не се оспособи за 2000-тата година, компјутерот ќе греши интерпретирајќи го бројот 00 како 1900 година. На пример во иднина ако во некоја болница компјутерски се одредува дозата на некој лек и ако лекарот за дата на раѓање на некое новороденче на пример отчука 16.03. година 00, компјутерот мислејќи дека се работи за некој стогодишен старец ќе препорача доза која може да биде и фатална.

Значи овој проблем ќе постои и во иднина и не е можно точно да се предвиди до кога. Затоа мислам дека е потполно оправдано што во членот 6 времетраењето на мандатот на члeновите на националниот комитет не е јавно предодредено со некој фиксен датум, туку тоа ќе зависи од потребите за кои се ангажирани.

Проблемот со 2000 не е чисто софтверски, односно програмски туку може да биде и хардверски, тоа да се појави кај однапред програмираните процесорски чипови кои дури и не мора да се наоѓаат во компјутерот, туку на пример во некој модерен апарат во домаќинството: видео, мигробранова печка, во автомобил, авион, медицински клима и аларм уред, во индустриски постројки, во електрани, па дури и во постројките со нуклеарни проектили. Многу електронски уреди може да бидат не компатибилни со 2000, а ние да не сме ни свесни за тоа. Затоа вакВите случаи многу тешко се откриваат.

Овој проблем не претставува компјутерски вирус и со него не може да се зарази еден од друг компјутер, но може да се случи да се пренесува од еден во друг компјутер, односно може да погреши компјутер кој што е оспособен за 2000, ако зема податоци од друг компјутер кој не е оспособен за 2000, со кој е поврзан во мрежа. Во овој случај е многу тешко да се открие проблемот. Затоа се во голема заблуда сите тие што мислат дека ова е ситен проблем, кој се решава едноставно со додавање на две бројки во програмата. Проблемот е навистина голем. Во Македонија луѓето не се доволно информирани. Мислам дека и нашите медиуми не му посветуваат доволно внимание. Јас потполно го оправдувам донесувањето на овој закон и тоа по скратена постапка.

Со овој закон се дефинира националната стратегија за разрешување на проблемот со 2000. Заради застарената технологија Македонија спаѓа во земји со повисок ризик и мислам дека навистина се малку предвидените средства од Буџетот за спроведувањето на овој закон. Затоа, како што видовте во образложението се бараат и се предвидуваат други средства од разни донации и слично. Сите оние кои што мислат дека за ваков ситен проблем не се потребни некои големи средства, можам да го кажам следното: се предвидува дека во целиот свет ќе се потрошат над 1000 милијарди долари за пронаоѓање и разрешување на овој проблем.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

За збор се јави пратеникот Благоја Ханџиски.

**БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ:**

Почитувани колеги, Извештајот од матичната комисија, Комисијата за образование и наука во врска со оваа точка од дневниот ред Ви е поделен.

Како што стои во извештајот Комисијата на својата четврта седница

одржана на 13 јули 1999 година, го разгледа предлогот за донесување на Закон за постигнување на оспособеност за 2000 година, со Предлог на закон и заклучи да му предложи на Собранието на РМ, да го поддржи предлогот за донесување на Законот и истиот да се донесе по скратена постапка или на истата седница.

По долгата и содржајна расправа за проблематиката која се регулира со овој закон, се заклучи дека има потреба од негово донесување, по скратена постапка од повеќе причини. Прво, затоа што со него се регулира правниот аспект на проблемот 2000 година, кој настана како резултат на тоа што од 1960 година речиси во сите информациски системи годините во сите датуми се запишуваат, само со две наместо со четири цифри, колку што е потребно за да може да се запише наредната 2000 година. Како што е познато тоа што се разликува од повеќе други години и по тоа што е престапна година. Значи во повеќето информациски системи кои се користат и во Република Македонија годината 2000 едноставно не постои.

Затоа, на пример ако во Заводот за статистика се обработува периодот од 1 јули 1998 година до 1 јули 2005 година, тоа значи период од точно седум години. Или на пример во некоја од нашите банки, по основ на одобрен кредит се пресметува договорената камата со не оспособените информациски системи во РМ, истата ќе се пресмета или за 93 години или за минус 7 години. Слични проблеми можат да се појават и кај пресметувањето на позитивните или негативните камати по тековните сметки, или кредитните картички, чија важност на пример истекува на 31 декември 1999 година, или пак треба да се продолжи до 31 декември 2000 година, затоа што во првиот случај системот ќе покаже дека важноста на картичката истекнала пред цели 100 години, а во вториот случај дека таа се продолжува, или нејзината важност се продолжува за наредните цели 100 години.

Вакви или уште посложени проблеми ќе се јават кај сите институции, кај јавните претпријатија, одбраната, големите индустриски системи, средните и малите претпријатија, во кои се обработуваат податоци врзани со изминати сегашни или идни датуми.

Само од овие примери може да се заклучи со каков сериозен проблем ќе се соочиме на преминот од оваа во наредната година од овој во наредниот век, од овој во наредниот милениум. Затоа и сметавме дека не е потребна дополнителна аргументација за потребата од регулираше на правните аспекти на проблемот на 2000-та година.

Второ, иако како во сите држави во кои е застапена повеќе или помалку информациска опрема, во кои уште поодамна се идентификуваше овој проблем и се вложија големи напори и средства, се покажа едноставно дека не постои целосно решение со кое може да се оспособат информациските системи и да се избегнат штетните последици, кои можат да предизвикаат целосна парализа пред се на инфраструктурните објекти, големите системи, како што се телекомот, електростопанството, транспортот, здравството, банките, Заводот за платен промет, системот на пример за противпожарна заштита и т.н. Затоа и во земјите кои започнаа многу поодамна со подготовките за постигнување на оспособеност за 2000-та година, се констатира дека постојат многу области во кои овој проблем не може да се реши и дека затоа може да се очекуваат многу штетни последици и по правните и по физичките лица.

Врз база на слични критериуми и комитетот кој од минатата година интензивно работи на разрешување на овој проблем, а и Комисијата на својата вчерашна седница констатира дека и покрај се што е направено во РМ на овој план, нашата држава се уште останува во групата на високо ризични земји, во која впрочем спаѓаат и сите високо развиени земји.

Оттука, со Законот прво се создава правна основа во иднина да не може во нашата земја да се набавува информациска опрема, која не е оспособена за проблемот во 2000-та година. Понатаму се дефинираат целосно критериумите со кои се врши проверка на оспособеноста, се уредува стратегијата за решавање на овој проблем и се формира Националниот комитет 2000-та, кој е одговорен пред Владата за реализацијата на соодветниот национален акционен план, чии основни елементи исто така во Законот се целосно дефинирани.

Конечно со оглед на тоа што и во најразвиените земји се согледа дека не е можно да се постигне целосна оспособеност за 2000-та година, со Законот се уредува потребата од презентирање на изјави за оспособеност, односно не оспособеност кои треба да се доставаат до Националниот комитет, најдоцна до 31 октомври оваа година.

Субјектите кои ќе поднесат изјава дека не се оспособени, се заложуваат како и во другите земји, да подготват резервни планови за дејствување. Со нивната реализација ќе се направат обиди да се избегнат или минимизираат штетите што можат да настанат, како резултат на генерирањето на неточни податоци од информациските системи или целосен распад на некои од системите во државата. Како пример нека послужат следните елементи на резервните планови на некои од институциите во САД. На пример во резервниот план на САД стои дека, сите пожарникари на ниво од 31.12.1999 година мора да бидат на своите работни места. Сите полицајци во ниво од една смена, исто така на 31.12. мора да бидат на своите работни места и т.н.

Почитувани колеги, Комисијата за образование и наука како матична комисија се одлучи, известителот на Комисијата на ваков начин да ја образложи поддршката за донесување на овој закон, затоа што констатира дека и покрај програмираните активности за запознавањето со сложеноста на проблемот на приспособеноста кон 2000-та година. Еве вие како пратеници и денес имавте можноста да добиете дел од пропагандните материјали, кои служат за дообјаснување за сложеноста на овој проблем. На сите субјекти во државата, на целата јавност се уште доволно не им е доближен проблемот и се уште постои недоволна информираност, но и недоволна мотивираност истиот да се разреши што по успешно и со што помали штети, конечно во врска со евентуалните штети и правото на штети на правните и физичките лица да бараат надомест.

Комисијата констатира дека, за разлика од некои држави во кои се решени правните аспекти и на ова прашање, кај нас тоа не е ни загатнато. Имено, на пример во САД се констатира дека штетите од проблемот на 2000-та година може да бидат толку големи, што ако се остане на досегашната законска регулатива со компензацијата која по судски пат би ја наплатиле оштетените, може да дојде до целосен колапс на економијата на САД. Затоа пред извесно време се донесе закон со кој се гарантира и понатаму правото на правните и физичките лица за компензација на штетите. Меѓутоа, таа компензација независно од висината на штетата се ограничи само на 90.000 долари, а не на нејзината вистинска реална вредност.

Затоа Комисијата одлучи, по повод усвојувањето на овој закон да му предложи на Собранието да донесе заклучок, со кој се обврзува Владата да го проанализира и овој аспект на проблемот на 2000-та година и што порано за него да понуди соодветно законско решение. Како што можете да видите од извештајот предлог заклучокот е негов составен дел.

**ЉУТВИ БИЉАЛ:**

Господин претседателе, претставници на Владата, дами и господа пратеници, Пратеничката група на ДПА имајќи го предвид фактот дека, со овој Предлог закон се регулираат односните права и обврски меѓу корисниците на... опрема и производителите, односно снабдувачите и фактот дека основната цел на Законот е да се воспостави и да се воспостави основната структура за преземање на одговорноста, при оспособувањето таа опрема за 2000-та година, го поддржува Предлогот за донесуваше на закон за постигнување на оспособеноста за 2000-та година, со Предлог закон.

Овој предлог закон исто така е компатибилен со законите кои се донесуваат во овој контекст во земјите на Европската Унија, САД и готово во сите држави во светот. Имајќи ја предвид сложеноста на проблемот би кажал дека можеби доцниме со донесување на овој Предлог закон и со ова сакам да го нагласам приоритетот за донесување на овој закон.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Ги молам сите пратеници кои се надвор од салата да влезат внатре, бидејќи треба да пристапиме кон гласање, а гледам дека во овој момент кворум немаме.

Навистина тоа е малку и не сериозно.

Ние работиме внатре во салата, не работиме по ходниците или во бифето.

Затоа ги молам пратениците да влезат внатре, во спротивно ќе морам да ја прекинам седницата, бидејќи немаме кворум.

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на Закон за постигнување на оспособеност за 2000-та година.

Ве молам да гласаме.

79 пратеници гласа за, воздржани и против немаме.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Ве молам да гласаме.

73 пратеници гласаа за, воздржани и против немаме.

Отворам општ претрес по Предлогот на законот.

Молам, дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Законодавно - правната комисија поднесе амандмани на член 5 став 3, член 12 и на член 14.

Отворам претрес по амандманот на член 5 став 3, поднесен од Законодавно - правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**РАДМИЛА КИПРИЈАНОВА:**

Се прифаќа.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот поднесе од Законодавно - правната комисија.

Исто така со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**РАДМИЛА КИПРИЈАНОВА:**

Се прифаќа.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 14 поднесен од Законодавно - правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**РАДМИЛА КИПРИЈАНОВА:**

Се прифаќа.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Продолжуваме со расправа по текстот на Предлогот на законот.

Молам, дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Молам да гласаме.

69 пратеници гласале за, против и воздржани нема.

Според тоа констатирам дека Собранието го донесе Законот за постигнување на оспособеност за 2000-та година.

**БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ:**

Имам процедурална забелешка.

Во Извештајот на Комисијата за образование и наука усвоен предлогот да му се предложи на Собранието по повод усвојувањето на законот, да се усвои и соодветен заклучок, кој што е составен дел на тој извештај.

Ве молам да го погледате заклучокот кој што се состои само од една точка и еден предлог до Владата.

Ги молам пратениците во интерес на што подобро оспособување за проблемот на 2000-та година и надминување на негативните последици што можат да уследат, да го прифатат тој заклучок.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Заклучокот на Комисијата за образование и наука Ви е доставен.

Отворам расправа.

Дали некој сака да се произнесе по тој заклучок? (Никој).

Констатирам дека никој не се произнесува.

Заклучокот го ставам на гласање.

62 пратеници гласаа за, воздржани нема, 11 се против.

Според тоа констатирам дека заклучокот на Комисијата за образование и наука е усвоен.

Минуваме на точката 5 - Предлог за донесување на закон за задолжување на Република Македонија кај Меѓународното здружение за развој по Договорот за кредит по Проектот за итна социјална помош на Република Македонија, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието, Ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, дали некој бара збор?

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот Заклучок.

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за задолжување на Република Македонија кај Меѓународното

здружение за развој, по Договорот за кредит по Проектот за итна социјална помош на Република Македонија.

Ве молам да гласаме за овој предлог.

62 пратеници гласаа за, воздржани нема, двајца против.

Констатирам дека Заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Молам да гласаме.

60 пратеници гласаа за, 1 воздржан и двајца против.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по Предлогот на законот.

Дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Законодавно - правната комисија поднесе амандман на член 4, со кој се согласил претставникот на Владата и тој е составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Комисијата за финансирање и буџет поднесе амандман на член 3 став 2, по кој Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 3 став 2, поднесен од Комисијата за финансирање и буџет.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**БОРИС СТОЈМЕНОВ:**

Амандманот се прифаќа.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлог на законот.

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот на законот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Само 58 пратеници гласале.

Според тоа, ја прекинувам седницата, ќе дадам пауза, очигледно е дека пратениците се заморени, а ќе продолжиме во 16,15 часот.

(Пауза до 16,15 часот).

(По паузата седницата продолжи во 16,25 часот).

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Да завршиме со гласањето по точката 5 од дневниот ред.

Ни остана уште да гласаме.

Бидејќи го завршивме претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

72 пратеници гласаа за, воздржани нема, двајца пратеници се против.

Според тоа констатирам дека Собранието го донесе Законот за задолжување на Република Македонија кај Меѓународното здружение за развој, по Договорот за кредит по Проектот за итна социјална помош на Република Македонија.

Ве молам, да се навратиме на точката 2 и да ја завршиме точката 2, односно да продолжиме со претрес по текстот на Предлогот на законот за данокот на додадена вредност.

Пратениците Митко Киров и Слободан Ќосев поднесоа амандмани на член 30 став 1 за додаваше нова точка 7 и на член 30 став 2 за додавање нова точка 3 по кој Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 30 став 1 за додавање нова точка 7, поднесена од пратениците Митко Киров и Слободан Ќосев.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЈОРДАН МАРКОВСКИ:**

Владата го прифаќа амандманот.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 30 став 2 за додавање нова точка 3, поднесена од пратениците Митко Киров и Слободан Косев.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЈОРДАН МАРКОВСКИ:**

Владата и овој амандман го прифаќа.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Продолжуваме со претресот.

Бидејќи ние го завршивме општиот претрес по ова, дали уште некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

74 пратеници гласаа за, 1 е воздржан, против нема.

Според тоа, констатирам дека Собранието го донесе Законот за данокот на додадена вредност.

Минуваме на точката 6 - Предлог за донесување на закон за задолжување на Република Македонија кај Фондот за меѓународна соработка и развој на Република Кина, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот Заклучок.

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за задолжување на Република Македонија кај Фондот за меѓународна соработка и развој на Република Кина.

Ве молам да гласаме.

67 пратеници гласаа за, 1 е воздржан и 3 се против.

Според тоа констатирам дека Заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон?

Ве молам да гласаме.

70 пратеници гласаа за, воздржани нема, 4 се против.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по Предлогот на законот.

Молам, дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Комисијата за монетарно - кредитна политика и банкарство, поднесе амандмани на член 3 став 1 и за бришење на став 2 и на член 4, по кој Владата не се произнела.

Законодавно - правната комисија поднесе амандмани на член 1 став 2, член 2 став 1 и 2, член 3 став 1 и 2 и на член 4, со кои се согласил претставникот на Владата и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Пратениците Милан Ставрев и Жарко Караџоски, поднесоа амандмани на член 3 став 1 и за бришење на ставовите 2 и на член 4, по кои Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 3 став 1 и за бришење на став 2, поднесен од Комисијата за монетарно - кредитна политика и банкарство.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЈОРДАН МАРКОВСКИ:**

Владата ги прифаќа и двата амандмани.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 4, поднесен од Комисијата за монетарно - кредитна политика и банкарство.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЈОРДАН МАРКОВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 3 став 1 и за бришење на ставот 2, поднесен од пратениците Милан Ставрев и Жарко Караџоски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЈОРДАН МАРКОВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 4, поднесен од пратениците Милан Ставрев и Жарко Караџоски.

**ЈОРДАН МАРКОВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот, го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

66 пратеници гласаа за, воздржани нема, 1 против.

Според тоа констатирам дека Собранието го донесе Законот за задолжување на Република Македонија кај Фондот за меѓународна соработка и развој на Република Кина.

Минуваме на точката 7 - Предлог за донесување на закон за ратификација на Договорот за економска развојна соработка меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Кина, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за ратификација на Договорот за економска развојна соработка меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Кина.

Ве молам да гласаме.

62 пратеници гласаа за, воздржани нема и 7 се против.

Констатирам дека Заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Ве молам да гласаме.

68 пратеници гласа за, воздржани 2 и 6 против.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по Предлогот на законот.

Дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

67 пратеници гласаа за, воздржани нема и 6 се против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за ратификација на Договорот за економска развојна соработка меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Кина.

Минуваме на точката 8 - Предлог за донесување на Закон за ратификација на Спогодбата меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Кина за заемна соработка меѓу нивните царински органи, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување закон.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот Заклучок.

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на Закон за ратификација на Спогодбата меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Кина за взаемна соработка меѓу нивните царински органи.

Ве молам да гласаме.

67 пратеници гласа за, воздржани нема и 5 се против.

Констатирам дека Заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Ве молам да гласаме.

69 пратеници се за, воздржани нема и 6 се против.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по Предлогот на законот.

Ве молам, дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес и отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

61 пратеник гласаа за, 1 воздржан и 7 против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за ратификација на Спогодбата меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Кина, за взаемна соработка меѓу нивните царински

органи.

Минуваме на точката 9 - Предлог за донесување на Закон за ратификација на Договорот меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Кина за поттикнување и взаемна заштита на инвестициите, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот на законот.

Молам, дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот Заклучок.

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на Закон за ратификација на Договорот меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Кина, за поттикнување и взаемна заштита на инвестициите.

Ве молам да гласаме.

67 пратеници гласаа за, воздржани нема и 7 против.

Констатирам дека Заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Ве молам да гласаме.

66 пратеници гласа за, 1 воздржан и 7 против.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Отворам општ претрес по Предлогот на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес и отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Дали некој бара збор?

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на закон го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

66 пратеници гласаа за, 4 се воздржани и 7 се против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за ратификација на Договорот меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Кина, за поттикнување и заемна заштита на инвестиции.

Преминуваме на Десеттата точка - Предлог за донесување на Закон за ратификација на Договорот меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Кина, за одбегнување на двојното оданочување и за заштита од фискална евазија, по однос на даноци од доход, со Предлог на закон.

Предлог за донесување на законот, со Предлогот на законот и Извештаите на работните тела на Собранието, Ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниов заклучок:

Собранието го усвојува Предлог за донесување на Закон за ратификација на Договорот меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Кина, за одбегнување на двојното оданочување и за заштита од фискална евазија, по однос на даноци од доход.

Ве молам да гласаме.

За гласале 65 пратеници, 2 се воздржани и 7 се против.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница, да се претресе и Предлогот на закон.

Ве молам да гласаме.

64 пратеници гласале за, 2 се воздржани и 5 се против.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по Предлогот на закон.

Дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Молам да гласаме.

За гласале 65 пратеници, 1 е

воздржан и 8 се против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за ратификација на Договорот меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Кина, за одбегнување на двојното оданочување и за заштита од фискална евазија, по однос на даноци од доход.

Преминуваме на Единаесеттата точка - Предлог за донесување на закон за ратификација на Спогодбата меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Бугарија, за соработка и взаемна помош во царински работи, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и Извештаите на работните тела на Собранието, Ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниов заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на Закон за ратификација на Спогодбата меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Бугарија, за соработка и взаемна помош во царински работи.

Ве молам да гласаме.

За гласале 65 пратеници, 2 се воздржани и 8 се против.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Ве молам да гласаме.

63 пратеници гласале за, 3 се воздржани и 9 се против.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам претрес по Предлогот на законот.

Дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Молам да гласаме.

66 пратеници гласале за, 3 се воздржани и 10 против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за ратификација на Спогодбата меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Бугарија, за соработка и взаемна помош во царински работи.

Преминуваме на Дванаесеттата точка - Предлог за донесување на Закон за ратификација на Спогодбата меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Бугарија, за отворање на два нови меѓународни патни гранични премини помеѓу двете земји, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и Извештаите на работните тела на Собранието, Ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, дали некој бара збор?

За збор се јави госпоѓата пратеник Диспина Марковска.

**ДИСПИНА МАРКОВСКА:**

Почитуван претседател, почитувани претставници на Владата, почитувани колеги пратеници, нашата земја спрема источниот сосед Република Бугарија, ја дели границата во правец север – југ, во должина од околу 120 км. Единствен природен премин меѓу двете земји е должината на реката Струмешница кај струмичкото Ново Село и заради овие услови останатите два премина кај Делчево и Крива Паланка минуваат на поголема надморска височина.

Во последниве две децении од меѓународниот пат Софија - Солун во Република Бугарија од кај градчето Симитли, е изграден современ автопат кој преку Разлог, Велинград и Пловдив води кон Истанбул и потаму кон Блискиот Исток. Со премините Берово - Сандански и Пехчево - Симитли, нашата земја ќе се поврзе со средишниот дел на Пиринска Македонија и споменатиот автопат за Пловдив и Истанбул, со што растојанието ќе се намали над 100 км. од постојниот заобиколен пат, кој води преку Софија, а освен со соседна Бугарија економските односи денес и во иднина постојано ќе се зголемуваат и со земјите од Блискиот и

Средниот Исток. Токму тоа ја потврдува економската оправданост за постоењето и доизградувањето на двата премина, преминот Најчиклепало меѓу Берово и Сандански, интензивно се работеше во втората половина на 80-тите години, кога од вкупно 16 км. до границата асвалтирани се 8 км. или тоа се околу 50%, а останувaат не завршени уште 8 км. На самата граница изградена е најсовремена зграда за нормално одвивање на царинските служби.

Патот минува низ ретко убавите предели на Малешевските планини и покрај живописното Беровско Езеро. На брегот на езерото е изградено современо детско игралиште и одморалиште на просветните работници од Републиката, кои служат и за летен и за зимски рекреативен одмор.

Вториот премин Пехчево - Симитли, наречен Ајдучки кладенец, е во должина од 7 км., што има предност дека е пократок, но минува на малку поголема надморска височина.

Овие две патни артерии, освен што ќе го зајакнат севкупниот стопански живот со соседна Бугарија и земјите од Блискиот и Средниот Исток, во многу ќе придонесат за развој на планинскиот, езерскиот и селскиот туризам и во двете општини, Беровска и Пехчевска општина. И двата гранични премини се централни спојници кои во поранешниот систем беа тактички занемарувани, држејќи ја Малешевијата и Источна Македонија како затворен резерват, кочејќи го севкупниот развој и на двете страни.

Јас како пратеник на Малешевијата и Блатец, сум задоволна што ќе се реализира првата точка од програмата во предизборната кампања на нашата партија ВМРО-ДПМНЕ, а го пренесувам и задоволството на сите граѓани на Малешевијата, за оствареното што сега го доживуваме. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Благодарам на госпоѓата пратеник Марковска Диспина.

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на Закон за ратификација на Спогодбата меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Бугарија, за отворање на два нови меѓународни патни гранични премини помеѓу двете земји.

Ве молам да гласаме.

За гласале 70 пратеници, 3 се воздржани и 1 е против.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Ве молам да гласаме.

68 пратеници гласале за, 2 се воздржани и 2 се против.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам претрес по Предлогот на законот.

Дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

70 пратеници гласаа за, 2 се воздржани и 2 се против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за ратификација на Спогодбата меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Бугарија, за отворање на два нови меѓународни патни гранични премини меѓу двете земји, со Предлог на закон.

Преминуваме на Тринаесеттата точка - Предлог за донесување на Закон за ратификација на Спогодбата меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Италија, за заемно уредување на меѓународниот патен превоз на патници и стока со моторни возила, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и Извештаите на работните тела на Собранието, Ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниов заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на Закон за ратификација на Спогодбата меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Италија, за заемно уредување на меѓународниот патен превоз на патници и стока со моторни возила.

Ве молам да гласаме.

За гласале 63 пратеници, 1 е воздржан и 2 се против.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Ве молам да гласаме.

70 пратеници гласале за, воздржани нема и 1 е против.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по Предлогот на законот.

Дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претресот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Молам да гласаме.

69 пратеници гласале за, 1 е воздржан и 1 е против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за ратификација на Спогодбата меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Италија, за заемно уредување на меѓународниот пратен превоз на патници и стока со моторни возила.

Преминуваме на Четиринаесеттата точка - Предлог за донесување на Закон за ратификација на Спогодбата за заемна административна помош за спречување, истраги и санкционирање на царински прекршоци, меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Италија, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и Извештаите на работните тела на Собранието, Ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор? (никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниов заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на Закон за ратификација на Спогодбата за заемна административна помош за спречување, истраги и санкционирање на царински прекршоци, меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Италија.

Ве молам да гласаме.

За гласале 64 пратеници, воздржани и против нема.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Ве молам да гласаме.

67 пратеници гласале за, 1 е воздржан и 1 е против.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по Предлогот на законот.

Дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Молам да гласаме.

69 пратеници гласале за, воздржани и против нема.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за ратификација на Спогодбата за заемна административна помош за спречување, истраги и санкционирање на царински прекршоци, меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Италија.

Преминуваме на Петнаесеттата точка - Предлог за донесување на Закон за ратификација на Конвенцијата за оценување на влијанијата врз животната средина во преку граничен контекст, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и Извештаите на работните тела на Собранието, Ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниов заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на Закон за ратификација на Конвенцијата за оценување на влијанијата врз животната средина во преку граничен контекст.

Ве молам да гласаме.

За гласале 68 пратеници, воздржани и против нема.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Ве молам да гласаме.

61 пратеник гласал за, воздржани и против нема.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по Предлогот на законот.

Дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Законодавно - правната комисија поднесе амандман на член 1, по кој Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 1, поднесен од Законодавно -правната комисија.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ПРЕТСТАВНИК НА ВЛАДАТА:**

Почитуван претседател, почитувани пратеници, Владата го прифаќа амандманот.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Значи Владата го прифаќа амандманот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

68 пратеници гласа за, воздржани и против нема.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за ратификација на Конвенцијата за оценување на влијанијата врз животната средина во преку граничен контекст.

Преминуваме на Шеснаесеттата точка - Предлог на одлука за огласување именување јавен обвинител, на Основното јавно обвинителство во Куманово.

Предлогот на одлуката Ви е поделен.

Отворам општ претрес.

Дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

69 пратеници гласаа за, воздржани има 1 и против нема.

Според тоа, констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за огласување и именување на Јавен обвинителна, во Основното јавно обвинителство во Куманово.

Минуваме на точка 17 - Предлог на Одлука за огласување и именување на заменици јавни обвинители во основните јавни обвинителства во Куманово, Крива Паланка, Берово, Струмица, Штип и Кочани.

Предлогот на одлуката Ви е поделен.

Отворам општ претрес.

Дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

69 пратеници гласаа за, воздржани нема и 1 пратеник е против.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за огласување и именување заменици јавни обвинители во основните јавни обвинителства, во Куманово, Крива Паланка, Берово, Струмица, Штип и Кочани.

Минуваме на точка 18 - Предлог на Одлука за избор на член републичкиот судски совет.

Предлогот на одлуката Ви е поделен.

Отворам претрес. Дали некој бара збор.

За збор се јави г-динот пратеник Мирчевски Звонко.

**ЗВОНКО МИРЧЕВСКИ.**

Се откажувам од дискусија.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Се откажува.

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој, не бара збор го заклучувам претресот и Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

64 пратеници гласаа за, Воздржани нема и против нема.

Констатирам дека Собранието го избра Рафаел Черепналковски, за член на Републичкиот судски совет.

Минуваме на точка 19 - Предлог на Одлука за избор на членови на Управниот одбор на јавната здравствена организација "Завод за здравствена заштита" - Охрид.

Предлогот на одлуката Ви е поделен.

Молам, дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Ве молам да гласаме.

68 пратеници гласаа за, воздржани се 2 пратеници и против се 2 пратеника.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација "Завод за здравствена заштита" - Охрид.

Минуваме на точка 20 - Предлог на Одлука за огласување и именување на јавен обвинител во Основното јавно обвинителство во Ресен.

Предлогот на одлуката Ви е поделен.

Отворам општ претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на предлогот на одлуката.

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

65 пратеници гласаа за, воздржан 1 и против нема.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за огласување и именување заменик јавен обвинител во Основното јавно обвинителство во Ресен.

Минуваме на точка 21 - Информација за актуелните состојби во МРТ.

Информацијата, мислењето на Владата и извештаите на работните тела на Собранието, Ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес. Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да ги усвои следните заклучоци.

Прво, Собранието на Република Македонија ја усвојува Информацијата за актуелните состојби во МРТВ и оценува дека МРТВ треба да преземе мерки и активности за штедење и рационализација, со цел да се обезбеди финансиска консолидација на МРТВ.

МРТВ во соработка со надлежните државни органи да обезбеди и на Собранието на РМ да му поднесе, Програма на мерки и активности за економска стабилизација и финансиска консолидација на МРТВ.

Второ, Собранието на Република Македонија укажува дека надлежните органи треба да преземат мерки, да преземат активности за обезбедување целосно и доследно спроведување на законските одредби, што се однесуваат на наплатата на радиодифузната такса, како јавна давачка за финансирање на радиодифузната дејност од јавен интерес.

Трето, со цел да е овозможи забрзано обновување на техниката, како и постепено воведување на нови технологии во работењето на МРТВ, Собранието на РМ оценува дека Владата на РМ треба да преземе потребни активности за обезбедување поволни програми, со кои ќе се финансира техничко-технолошкиот развој на МРТВ.

Четврто, Собранието на РМ, исто така оценува дека суштинската консолидација на МРТВ, може да се обезбеди доколку се отпишат дел од обврските на МРТВ и укажува на потребата надлежните органи и јавните претпријатија да ги согледаат реалните можности за отпишување на обврските на МРТВ и за тоа да ја информираат Владата на РМ.

Петто, Собранието на РМ укажува дека е неопходно Владата на РМ да ја интензивира работата на Комисијата за спроведување на делбениот биланс, меѓу Јавното претпријатие МРТВ и Јавното претпријатие Македонска радиодифузија.

Шесто, овие заклучоци да се достават до Владата на РМ, Македонската радио-телевизија и Советот за радиодифузија.

Ве молам, да гласаме по предложените заклучоци.

Процедурално за збор се јави Мерсел Биљали.

Пред Вас г-дине Биљали се има пријавено Сибиновски Борче.

Добро, г-динот Биљали има да каже нешто кратко.

**МЕРСЕЛ БИЉАЛИ:**

Мислам дека треба да се овозможи, кој сака да се произнесе со образложение како ќе гласа, врз основа на заклучоците.

Јас ќе се произнесам подоцна.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Збор има г-динот пратеник Србиновски Борче. (Се откажува).

Збор има г-динот Сајковски Аце. (И тој се откажува).

Ве молам, да гласаме по предложените заклучоци.

Да почнеме со гласањето.

Овде гледам дека други пратеници нема пријавено за збор.

Повелете госпоѓице Шеќеринска.

**РАДМИЛА ШЕЌЕРИНСКА:**

Се извинувам претседателе, бидејќи не бев сигурна дали треба по заклучоците да се пријавам или постои можност дискусијата да се води евентуално после тоа пред самиот чин на гласање.

Јас би сакала само да се осврнам на дел од заклучоците, конкретни кои што се предложени, како што постоела дискусија и кај комисиите кои што дискутирале по Информацијата, навистина, извештаите што ги добивме од комисиите на некој начин најавуваа малку по интересна дебата по оваа Информација. Меѓутоа, денеска изгледа по инерција од претходните точки некако многу лесно поминуваме низ овој дневен ред.

Информацијата за актуелните состојби во МРТВ секогаш и досега била документ, кој што Собранието вака со внимание го следи и секогаш предизвикувала и политички конфронтации, меѓутоа и вака дискусии кои што се однесуваат на функционирањето и проблемите, со кои што се соочува Македонската радио- телевизија.

МРТВ во текот на оваа неколку месечно функционирање, под новиот овдека споменат менаџерски тим, навистина забележи драстични радикални промени, кои што уште повеќе се заговараат и со оваа Информација.

Во заклучните согледувања на оваа Информација се вели дека, МРТВ своите развојни перспективи ги гледа во креативното остварување на функцијата на Јавен радиодифузен сервис, според европска концепција и практика. Морам да кажам, ова е мое лично мислење, мислење на СДСМ меѓутоа, мислам дека веќе се повеќе и повеќе станува мислење на македонската јавност, дека за жал МРТВ не била никогаш, апсолутно никогаш подалеку од оваа своја идеја или визија, а тоа е да стане вистински Јавен радиодифузен сервис, а уште помалку да биде тоа според некои европски концепции или европски практики.

Навистина, стануваат досадни изјавите кои што доаѓаат понекогаш само од опозицијата, меѓутоа повторно ќе кажам се повеќе и повеќе од страна на други медиуми и од страна на некои, да кажам независни организации, дека МРТВ едноставно не се претвора дури ни во про владино гласило, не се претвора ни во про владин медиум, туку она што го споменаа некои колеги пред неколку дена на еден семинар, станува дури уште полошо од владин сервис или од владин медиум.

МРТВ станува медиум, станува сервис кој што и служи исклучив на владеачката партија, понекогаш на владеачките партии, зависи од тоа кој уредува во моментот главниот информативен дневник или некоја од емисиите на МРТВ. МРТВ воведува пракси кои што никогаш до сега не биле карактеристични, дури и покрај сите напади на тогаш опозиционите партии. Никогаш не се случувало прес конференции на некоја релевантна политичка партија, уште помалку најголема опозициона партија, да не се пренесуваат во главниот информативен дневник. Опозиционата партија дури и за важни вака интересни и медиумски

актрактивни информации, да не добива време не само во вторите вести, да не добива време ни во оној трет дневник после 23,00 часот или ако го добијат тоа да бидат дваесетина секунди, нормално без тон со само коментар и пренос на информации од страна на новинарот.

Токму тоа ни се случи и при неколку расправи во овој законодавен дом, кога за време на неколку часовната дебата 90%, од времето беше исполнето со дискусии на некои од опозиционите пратеници, додека тогашниот претставник на Владата се осврна со дваестина реченици на овие обвинувања, кажа некаде околу 2 до 3 минути во текот на сопствениот одговор. Меѓутоа, доколку ја гледавте седницата низ очите на МРТВ, доколку ја гледавте низ очите на оној прилог кој што оди после главниот дневник, ќе видевте дека, ќе стекневте впечаток дека, практично, опозицијата речиси ништо не зборела, а Владата постојано се бранела. Се бранела, само не е јасно од што се бранела, бидејќи во тие 20-тина минути 90% од времето беше она што го кажал претставникот на Владата. Сите 20 реченици кои што беа кажани, а за опозицијата беа дадени околу 20-тина секунди.

Мислам дека, во РМ некако поради брзината со која што ни се случуваат настаните, дури немаме време да ги дискутираме и да ги анализираме ваквите случувања во МРТВ, па не знам дали беше од шок, дали беше од интензитет на случувања или поради некоја друга причина, можеби страв, можеби притисок, можеби веќе лошо стекната навика, која што сите во Македонија ја добиваме, меѓутоа ни се случи повторно во 1999 година да гледаме пренос од Конгрес на ЦК или СКЈ како сакате. Да гледаме прилози во кои што буквално барем на начин на кој што барем јас не се сеќавам, меѓутоа вака сум имала прилика вака да видам во неколку прилики како тоа изгледало пред 15, а можеби и повеќе години како владеачката, а според она што го кажува МРТ, изгледа и единствената политичка партија во ова држава мисли како разговара, што дискутира на конгресот и т.н. и т.н. Во изминатиов период 6 години, кога СДСМ беше на власт навистина главната опозиционата партија ВМРО-ДПМНЕ ја користеше секоја прилика, апсолутно секоја прилика да истакне дека МРТВ се злоупотребува за политички цели, дека се претвора во куќа која што и служи на политиката на Владата, односно политиката на партијата на власт или партиите на власт.

Меѓутоа, се одржаа многу конгреси, се одржаа многу конференции на СДСМ, кои што добија апсолутно никаков третман, или добија третман кој што беше подеднаков на третманот на конгресите на опозиционата партија. Велам имавме прилика да гледаме како некои од нашите колеги, меѓутоа и некои други луѓе во партијата објаснуваат што и како размислуваат за Македонија. Имавме чувство дека се случува нешто многу значајно и покрај тоа што многу нови и значајни работи и не чувме од тие четириесетина или колку беа минути одговори, кои што беа пакувани така убаво во прилог.

Меѓутоа велам веќе се навикнавме МРТВ да ја гледаме, како простор на кој што ние како опозиција и немаме веќе што да бараме. Веќе и не очекуваме да не дадат на некои од дневниците, на кои што граѓаните кои што не припаѓаат на една, втора, трета политичка партија, исто така немаат што да бараат. На крајот на краиштата како куќа која што веќе го загубила атрибутот на јавен сервис, меѓутоа го загубила и атрибутот на македонска, бидејќи во тој случај навистина би требало да се однесува, да ги стопира и да ги информира сите граѓани на Република Македонија.

Токму поради тоа денеска не е интересно само да се гледа овој аспект на МРТВ, и покрај тоа што велам постои од наша страна на некој начин резерва. Јасно беше уште од моментот кога на ова Собрание се дискутираше и се избра, на начин на кој што овдека и се бираат сите кадровски решенија, генерален директор на МРТВ. Во тој момент обвинувањата или сугестиите или резервите кои што ги изразија опозиционите политички партии дека е лошо за РМ, дека е лошо за една демократска држава. На како прв човек, на јавниот сервис, единствениот јавен сервис од ваков тип во таа демократска држава да избира човек, кој што бил пратеник на партијата на власт, кој што бил кандидат за пратеник претпоставувам на партијата на власт и кој што имал навистина истакнати политички функции во таа партија.

Единствените одговори кои што ги добивавме и од оваа говорница е дека, тоа нема да биде така, дека партијата која што го именува својот повереник на некој начин ВМРО-ДПМНЕ, става на некој начин го става својот рејтинг на ризик и дека токму поради тоа оваа функција г-динот Јакимовски ќе ја обавува професионално, без разлика на неговата политичка припадност. И тоа ќе беше добро да беше така и покрај тоа што мислам дека е сериозен проблем кога вака истакнат партиски член доаѓа на чело на јавниот сервис. Меѓутоа, се покажа веднаш,

се покажува во изминатите неколку месеци дека ништо не можело да биде подалеку од вистината, од ваквата една теза или ваквото ветување.

Непосредно пред изборите, меѓутоа и во изминатиот период се отвараа многу дискусии на различни ниво, формални, неформални, во Собранието, на многу трибини и дискусии, на медиумите, странски организации кои што организираа дебати по ова прашање. Јас присуствував на некои од нив и она што го слушнав од припадниците или претставниците, или припадниците пред се во тоа време на ВМРО-ДПМНЕ, меѓутоа во една прилика има претставници на ДА и дека тие ќе имаат поинаков пристап кон решавањето на прашањето наречено МРТВ и нејзино, да кажам, зајакнување како јавен сервис на граѓаните на РМ и се спомнуваа некои многу конкретни предлози, околу кои вредеше и вреди да се дебатира.

Едниот од тие беше да се приватизира сосема МРТВ, друг пристап кој што исто така беше спомнат е да се формира борд совет, кој нема да биде партиски, кој ќе биде формиран од луѓе кои што се истакнале во некои сфери, кои што се значајни за медиумите и кои ќе имаат подолг мандат, така што на некој начин ќе се неутрализира дури и можното политичко влијание и т.н. Се предлагаа, бидејќи во пакет тогаш дискутиравме некои мерки, како на пример приватизација на НИП "Нова Македонија", двоење на Печатницата што сега можеби и нема врска, меѓутоа е поврзано, се е дел од еден ист комплекс на прашања, делење на продажбата или дистрибуцијата и т.н. Многу интересни дискусии, многу интересни тези, кои што беа дел дури и од Програмата на партиите кои што денес се на власт.

Првиот ден откако беа познати резултатите, очигледно е дека тој дел од страниците, а како што изгледаат настаните што се случуваат во РМ, изгледа и целата програма, беа тргнати настрана и заборавени и буквално се зема МРТВ како клучен, највважен инструмент во практицирањето на власт, како клучен инструмент на злоупотреба на власта и како клучен инструмент за извитоперување на вистината.

За жал ваквите тенденции не ја опфатија само МРТВ, дури ни само НИП "Нова Македонија". Ваквите тенденции се присутни дури и во сферата на локални медиуми каде што се поголем и поголем е бројот на информации дека Владата дури и спротивно на законската регулатива си зема дел од овластувањата и наименува директори онаму каде што ингеренциите, стриктно со Законот за локална самоуправа, во рацете на локалната самоуправа. Да не зборувам за неколкуте случаи кои што од ден на ден стануваат се по бројни, на луѓе кои без никакво искуство со работата во медиумите, без ден работен стаж ниту во медиумите, ниту надвор од нив, без соодветно, дури минимално образование се наименуваат на вакви значајни функции кои имаат влијание, не само врз нашата демократска култура, не само врз демократската атмосфера, која колку толку постои во РМ, туку и на општиот комплекс на демократизација и ретроградните процеси кои во овој дел не зафатија.

Токму за тоа целиот овој аспект на прашања треба да се има предвид кога ќе се разгледуваат заклучоците, како да прозвучи првиот заклучок кој налага, односно значи дека Собранието ќе го задолжи раководниот тим да ги превземе сите мерки и активности за штедење и рационализација, кои што заедно со тезата која што е ставена на страна 10, а тоа е дека ќе се намалува бројот на непродуктивните кадри, истовремено со примање на нови високо стручни и специјализирани кадри, освен како обид да се оди понатаму во злоупотреба на она што би требало да биде јавен сервис во Република Македонија.

**РАДМИЛА ШЕЌЕРИНСКА**: (Продолжение)

Имено сите овие случаи на поставување на директори што апсолутно не спаѓаат во овие високостручни и специјализирани кадри, или ако спаѓаат тогаш нивната стручност и специјализација е во некои други сфери, можеби медиумска војна со опозицијата, можеби елиминација на не истомислениците и сл., освен како начин да се даде покритие на раководниот тим на Македонската радио-телевизија за понатамошниот, јас не сакам да употребувам тешки зборови, меѓутоа овој пат навистина ги бирам и морам да ги кажам, за теророт кој што се спроведува во МРТВ, со очигледно, според она што овде пишува изгледа не продуктивните кадри, според оценките на раководниот тим и отварање на простор за наводна рационализација, а всушност замена на едни луѓе, едни вработени со други вработени, во оваа куќа. Токму поради тоа интересно ќе биде да слушнеме дали во овој период МРТВ соочена со ваква лоша финансиска ситуација, оди на прием на нови вработени лица и дали тие нови вработувања ќе претставуваат добар почеток на евентуална рационализација, или евентуално штедење во МРТВ.

Понатаму вториот дел од заклучоците се однесуваат на делот од, да кажам, финансиската ситуација во која се нашле и во која се наоѓа МРТВ. Во изминатите неколку денови слушнавме и од расправите во комисиите, меѓутоа и од некои други извори, дека МРТВ е соочена со некои финансиски проблеми, пред се поради заостанатите долгови во изминатиот период и тоа е точно, постојат еве овде дел краткорочни, дел долгорочни обврски кои некаде, во делот барем на краткорочните, еве чисто како пример, изнесуваат некаде под 9.000.000 ГМ направени во периодот од 1995 до 1998 година, зошто овде се дадени сериозни обвинувања на претходниот тим и на луѓето кои што работеле во МРТВ.

Доколку ги земеме само краткорочните долгови, краткорочните обврски на МРТВ, ќе видите дека 9.000.000 ГМ за три години претставуваат долг или неподмирени обврски, кои што Македонската радио-телевизија ги влече од 3.000.000 ГМ годишно. И тоа е проблем, се сложувам.

Меѓутоа, кога ќе ги погледнете краткорочните обврски, во првото тромесечје во 1999 година во период на сегашниот тим, ќе видите дека тој износ изнесува 1,8 милиони германски марки за првото тромесечие, што значи дека во годишни рамки би претставувало 7,2 милиони германски марки, што е повеќе од два пати од трошоците кои годишно се создавале во изминатиот период. Што значи доколку МРТВ има финансиски проблем, тој проблем денеска станува посериозен, односно во првото тромесечие станал уште по сериозен. Дали причината за ваквите зголемени трошоци се трошоците, за кои слушаме од медиумите за автомобили кои биле оштетени од страна на генералниот директор на МРТВ, дали причините биле патувањата на неколку вработени во Лас Вегас на некои конгреси, кои дотогаш не биле посетувани или причините се можеби во не фактурираните сметки за платена политичка програма, што во овој период и не е дозволена, за следење на конгресот на ВМРО-ДПМНЕ, може да развиеме дискусија и јас навистина не можам да го кажам одговорот. Може да се сите тие заедно.

Истата математика, односно истата споредба на бројки може да се види дури и во делот на остварени приходи во 1998 и 1999 година. Интересно е зошто приходите од маркетинг активности оваа година ќе бидат намалени, барем доколку се следи трендот кој што владеел во првите три месеци, исто така повеќе од два пати. Сите овие финансиски проблеми се користат или се причина еве може да констатираме, да се поставаат пред Собранието два заклучоци, како да се решат овие финансиски проблеми.

Едниот од нив е поврзан со наплата на радиодифузната такса, која што според оваа Информација во последните неколку месеци, обемот на средствата кои од неа се собираат е драстично намален. Мислам дека и раководниот тим, управниот одбор на МРТВ, луѓето кои се вработени во МРТВ навистина можат да се замислат дали можеби причината за оваа намалена наплата со која што и претходно имаше проблеми е во фактот што граѓаните на РМ знаат, чувствуваат и гледаат дека тоа веќе не е нивни јавен сервис и токму поради тоа не чувствуваат ниту потреба ниту обврска да ги плаќаат тие средства.

Имено за разлика од НИП Нова Македонија, каде што Владата го има најголемиот дел од акциите и каде што на некој начин и од аспект на сопственост можеби и може или треба, или нормално е да се очекува дека ќе врши влијанија, за МРТВ имаме карактеристичен случај дека секој од нас, барем оние кои што плаќаме или плаќаат придонесува на контото на оваа куќа. Токму поради тоа не може денеска оваа куќа да станува сервис на една политичка партија или на една политичка гарнитура.

И сега се вади последниот адут или последната можност, а тоа е присилната наплата, присилната наплата за која што дискусии имаше во последните неколку години, кога беше дискутирано законската регулатива и токму партијата која што денеска е на власт и во МРТВ, ја сметаше како недозволив инструмент. Денеска истата таа партија ни го предлага тој инструмент, како единствен можен или како најдобар можен за да се подобрат некои работи.

Меѓутоа, факт е дека во изминатиот период присилната наплата не беше користена, иако во практиката имаше неплаќање на радиодифузната такса, така што јас би сакала да ги слушнам механизмите кои што ќе се користат, бидејќи на некој начин Собранието ќе биде виновно заради употреба на овие инструменти, бидејќи Собранието во овие заклучоци се јавува како институција која што ја задолжува управата според

предложените заклучоци, ќе ја задолжи управата за јавни приходи да најде активности со кои ќе се обезбеди присилна наплата на радиодифузната такса, што мислам дека ќе биде крајно непопуларен инструмент дури и за ова Собрание на страна од раководниот тим на МРТВ, кој што не мислам дека е особено омилен, меѓутоа ќе преставува тежок баланс и за сите нас.

И на крајот последниот инструмент кој што овде се препорачува, а тоа е препораката што како Собрание, не знам на кој начин сакаме да им препорачаме на јавните претпријатија директно да ги согледаат реалните можности за отпишување на обврските на МРТВ и за тоа да ја информираат Владата на Република Македонија. Ова е едно од серијата на решенија кои всушност нема да бидат решенија, ќе траjат еден до два месеци, дури ако се применат и ќе значат само поголема дупка во која ќе тоне МРТВ, дури ако се разгледува само на ниво на финансиски конструкции. Имено доколку се гледа овде, дека постојано МРТВ генерира недостатоци на средства за да ги плати сметките кои што ги направила, тогаш на кој начин и кој се гаранциите кои кажуваат дека, други иако јавните претпријатија им ги простат овие долгови, тоа нема да се повтори, нема да ни се случи да влеземе ние во една серија, секоја година или на секои 6 месеци да го носиме ние истиот заклучок и да велиме јавните претпријатија повторно треба да им ги простат долговите.

Претходно дискутираа двајца пратеници за проблемот со 2000-тата. Една карактеристична работа беше спомената, доколку работите во еден систем во мрежа, каде што фигурираат уреди, компјутери, дури и сите да се опремени да се справат со проблемот 2000-тата, ако само еден го има тој проблем, дека тоа ќе ја растури целата мрежа. Истото важи и во дадениот случај. Имате повеќе јавни претпријатија, јавни сервиси. Ако ги ставиме сите тие јавни сервиси, во кои дури и најголемиот дел и добро да работат, во една ваква должничка мрежа која ќе ја активираме секоја година или на секои две години, тогаш едното претпријатие, или едниот дел од таа мрежа, кои лошо ќе работи, во случајот МРТВ, нема да влијае на создавање проблеми во сопствената куќа, туку ќе влијае на создавање на проблеми во сите јавни претпријатија, кои на некој начин ќе имаат должнички однос со МРТВ.

Мислам дека ќе се согласите, оти тоа е нездраво решение и решение кое само ќе ни ги одлага, но никогаш нема да ни ги решава проблемите. Од сите овие причини, од причини за кои дискутирав во почетокот, а тоа е дека МРТВ дефакто не е сервис јавен на граѓаните на Република Македонија, туку претставува сервис на партијата, партиите на власт, сервис на Владата на Република Македонија, на парламентарното мнозинство на Република Македонија, но и поради фактот што предложените финансиски и други инструменти и механизми, нема да дадат трајно решение.

Мислам дека Собранието не треба да ја усвои оваа Информација, односно да ги усвои и да ги прифати овие заклучоци, ниту пак треба овој проблем и оваа топка да продолжи да ја движи или да ја шета понатаму низ останатиот дел од јавните претпријатија и другите системи кои овде се воведени.

МРТВ мора да најде други механизми, МРТВ мора да најде механизми кои нема да значат само користење на присилна уплата, нема да значат само заборавање на долговите секој пат кога ќе ги направат и нема да значат претворање на МРТВ во РТ на ВМРО-ДПМНЕ, или било каква кратенка да употребите и во тој случај мислам почетокот на решението ќе го имаме пред нас.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

И благодарам на г-ѓицата Шеќеринска.

Имаме неколку дискутанти пријавени за оваа тема.

Повторно се јавува пратеникот Сајковски Аце.

**АЦЕ САЈКОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги.

Се пријавив за дискусија по оваа точка, поттикнат од претходниот дискутант, што во расправата тргна од погрешна страна, меѓутоа на крајот дојде на вистинското место, она што треба да се каже.

Добро е тоа што сите прифативме Владата, односно државата да ги покрие загубите во оваа информативна куќа, бидејќи таа како институција го заслужува тоа.

Меѓутоа, во исто време е многу значајно, како што истакна колешката Шеќеринска, средствата што ќе се вложат

за покривање на загубите, предизвикуваат потреба од анализа, како е дојдено до таквите загуби. Веројатно таа знае како може тоа да се случи и навистина заслужува анализа за сето тоа, како се направени тие дубиози. Ова мора да се направи, со цел да не се повтори во наредниот период. Негативното работење значи негативно работење на програмски план, во однос на водењето на уредувачката политика. Сите сме свесни што се случуваше пред изборите, што се зборуваше за опозицијата. Се беше тоа невистина. Тоа го знаеја и граѓаните, тоа го знаеја и новинарите што го пишуваа. Меѓутоа новинарите тоа го правеа со единствена цел, не сите се разбира, за да им соопштат на слушателите, на граѓаните дека тоа што се зборува не е вистина, тие го препознаваа тоа што се правеше. Тоа се правеше од страв пред притисокот на владеачката партија, која на секој начин се обидуваше да го наметне своето мислење, како јавно мислење за граѓаните.

Меѓутоа благодарение на напредните новинари во тоа не успеа претходната владеачка партија и благодарение на тие прогресивни новинари, народот, граѓаните, беа на прав пат за да можат онака како што мислат слободоумно и да гласаат и да расправаат. Од тој аспект што се оствarija значајните промени, благодарение на тие прогресивни новинари, заслужуваат и секаде во светот, од ова место иницирам за бенефициран стаж. Тоа тие го заслужуваат, бидејќи деноноќно работат, бидејќи не е лесно да се спротивставуваат на она што беше во претходниот систем и нема да биде лесно, бидејќи во наредниот период треба ангажирано новинарство во совладување на сложените потреби на општеството, кое се побрзо се стреми да ги остварува во едни тешки услови што ги наследи, како материјални така и технички.

Со тоа сметам дека сите го делиме тоа мислење, дека со промената на власта во Македонија настанаа нови движења во сферата на новинарството и плурализмот, се стави крај на едно минато и сега е време, со помош на печатот, на средствата за јавно информирање, посебно на МРТВ да се отвори побрзо и по професионално информирање, за се што се случува во општеството. Единствено само со професионализмот може да се оди напред.

А за она што претходната колешка зборуваше, дека тоа било партиски, тоа е секаде во светот, секој има право во плурализмот, меѓутоа да работи професионално е многу по прифатливо, бидејќи само отворените, не скриените партиски припадници, можат вистински и професионално да работат, отколку оние што се покриваат и се претставуваат во друга светлина.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Има збор Сејфедин Харуни.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Почитуван претседателе на Собранието на Република Македонија, почитувани дами и господа пратеници, на дневен ред и последна точка од расправата ни е Информацијата за актуелните состојби во Македонската радио- телевизија.

Јас оваа Информација ја прочитав и добро што генералниот директор на РТВ, Љупчо Јакимовски наш уште од поодамна колега ја дава сликата на таа информативна куќа, во која состојба таа и се наоѓа. Само за жал тука во оваа Информација, воопшто ама ниту една реченица нема напишано дека тој сам лично станал, што се кажува заедно со таа државна институција двоск и тоа да пишува само за некои одредени луѓе. Ние не сме тука компири, или пак зелки. Седум месеци и кусур што се на власт, што сте на таа институција генерален директор, кажете кого го имате повикувано на разговор, на интервју, или на нешто. А колку бевме гласно говорници во третите парламентарни избори, дека поранешната актуелна власт, цензура и ги узурпира ваквите права. И да беше така, а јас не гледав дека таа така беше, ова веќе ми личи на оние од пред 10, 15 години, кога се беше под клуч и се беше под цензура. Со првиот ден г. Љупчо Јакимовски изразувам желба да ти се помогне да ти се оствари она што бараш, но не на циничен начин да ја прикриваш онаа твоја слабост. Инаку, тоа не е ниту по мајчина, ниту по чачевина твоја лична.

Затоа ова Собрание во една друга прилика треба да дискутира лично за твоето однесување, со тоа и да се бара твојата оставка. Ако не се поправиш, а јас мислам дека немаш намера да се поправиш, дејноста што ја врши Македонската радио-телевизија на споредeн, тоа е и доставување на Информации за актуелните состојби на Македонската радио-телевизија, ја сметам исклучително значајна како што сметам дека и воопшто сферата на информирањето е исклучотелно значаен фактор во општеството и општественото живеење.

И затоа го ценам за основано и оправдано обраќањето на раководството на

Македонската радио-телевизија до Собранието на Република Македонија, со оглед дека е таа нејзин основач. Кога е Собранието нејзин основач сите имаат рамноправно учество и удел во таа куќа. Овие се твои заправо реченици, тука изречени и напишани, а го играш она што се кажува дворскиот паметњаковиќ тука.

Изразувам полна поддршка и разбирање кон актуелните состојби во претпријатието, заради создадената презадолженост, заради тоа што сметам дека е потребно да се преземат мерки и активности за економска стабилност, за економска стабилизација пред се заради фактот дека, таа е дејност од јавен интерес. Што е оваа реченица, што во вашата Информација е напишана, дека ќе придонесете. За што ќе придонесете? За подобрување на економската стабилизација, или слабости, или она што заправо таа улога што треба информативната куќа да ја одигра, или пак обратното, да ги прикривате и тоа на Езопов јазик да се изрази човек, се што може да се прикрива и на јавноста да се протури сосема трети и четврти информации.

Јас исто така, го поздравувам односот на сегашниот раководител и тим, раководниот тим на чело со г. Љупчо Јакимовски за својата работа досегашна во таа јавна државна информативна куќа. И треба да ти се поздравува, но кој? Само оние кои во твојот двор, односно на тие дворови како што лижете и каде што се понижувате. Ја играте онаа поданичка улога заправо, наместо да бидете објективни и искрени во известувањето. Тоа е невозможно. Државна телевизија да пренесува не знам што, но она што треба да има во извештаи искреност, тука тоа го нема. Извинете, јас ќе набројам три.

(Му се обраќа на пратеникот Александар Флоровски).

Ти брадоња, можеш да почекаш малку или да одиш до бербер да се бричиш.

Меѓутоа, сакам да се задржам на еден аспект од нејзиното работење.

Имено, дејноста на Македонската радио-телевизија.

(му се обраќа на пратеникот Алексамдар Флоровски) Мене ми е понижење и да ти се обраќам.

Котевски, барем тебе и Флоровски ве знам и како дишите.

Ти знаеш и по цел час овде да зборуваш, а најпосле ништо да не кажеш.

Во оваа прилика меѓутоа сакам да се задржам на еден аспект од нејзиното работење.

Имено, дејноста на Македонската радио-телевизија е утврдена со член 6 од Законот за основање на јавно претпријатие на Македонска радио-телевизија, според кој меѓу другото тоа се состои во создавање и емитување на радио и ТВ програми, во рамките на загарантираните слободи и права на човекот и граѓанинот со информативни, образовни, културни и научни и спортски и музички, забавни и други содржини на македонски јазик и на јазиците на националностите кои живеат во Република Македонија, создавање и емитување на посебни програми за информирање и зачувување на културните и историските традиции и за одржување и унапредување на врските со иселениците и другите граѓани од Република Македонија, кои живеат во сопствените земји Европа и другите континенти и т.н.

Општа оценка би била дека од својата дејност Македонската радио-телевизија ги врши работите, но се поставува прашањето како? Јас ќе се задржам на неколкуте забелешки, а господата нека напишат, па после ако можат и нека реплицираат.

Сега ќе се задржам на влијанието на државните органи, односно на фактот што содржината на дневникот претежно е со вести од работењето на министерствата, односно Владата. Но за разлика од тоа сметам дека не би требало да се допушти активностите на првиот човек на Република Македонија, да се презентираат некаде при крај и тоа во споредни и така кажани.

Според член 8 став 1 алинеја 5 од Законот за радиодифузната дејност, едно од начелата врз кои се заснова радиодиодифузната дејност, е самостојност и автономност на радиодифузните организации, без право на државните органи да влијаат врз концепцијата и содржината на програмите, како и соодветен непристрасен третман на политичките субјекти во програмите на радиодифузните организации, кои нема едноставно да им служат ниту на една политичка партија, група, или стекнати права на поединци. Ова е начело, ова е закон кој никому досега воопшто не му дозволувал. Дали од ова се што го прочитав досега од работење на 7, 8 месеци на Македонската радио-телевизија е направен еден единствен обид.

За жал, во досегашната практика може да се забележи доминантната застапеност на Владата, односно на политичките партии на власт, додека нема

присуство на претставници на опозицијата, со цел да се чуе и нејзиното мислење за да може граѓанинот да создаде права претстава, за прашањата за кои тој ќе треба да расправа.

Од тие причини би сакал во оваа прилика да апелирам до г. Јакимовски во натамошното работење да се има во предвид ова укажување и да почнам со ред.

По завршувањето на третите парламентарни избори и конституирањето на новото Собрание и Владата, започна и првите кадровски промени во органите на управата, јавните претпријатија и другите установи и организации од јавен карактер. Сето тоа можеше да се очекува, но малку кој веруваше дека ваквиот тренд на промени многу брзо ќе ги зафати и средствата за јавно информирање и тоа како печатените, така и електронските се разбира од јавен карактер. Многу брзо по изборот на новата Влада уследи смената на Управниот одбор, генералниот директор на Македонската радио-телевизија Љупчо Јакимовски и неговиот заменик, кога се во прашање вториот дури и без претходна постапка, туку на самата седница на која се расправаше за смената на генералниот директор на Македонската радио-телевизија, истиот на истиот ден и на ист начин се именува.

После промените на врвот на овој сервис од јавен карактер, уследија и промените по надолна линија и тоа како директорите на телевизијата, така и на радијата и одговорните уредници во сите редакции. Овој бран на кадровски чистки не ја обиколи ниту НИП "Нова Македонија", во која иако Владата има само 33% од акциите, стави рака и ги смени Управниот одбор, Надзорниот одбор и главните и одговорните уредници на "Нова Македонија" и "Флака е Влазеримит". Ваквите брзи и рутински кадровски промени во средствата за јавно информирање, јасно покажа дека за новата власт декларираното начело за слобода на печатот и медиумите всушност за нив е само празна реторика без никакво суштинско значење и најави дека со овие промени сака да ги постигне следните цели, да постави свои луѓе од потесното партиско раководство, да ги има под контрола средствата за јавно информирање и да воспостави цензура за слободното новинарско изразување, да пропагира своја политика, која без исклучок ќе биде во прилог на Владата и партиите на власт, да ја задуши опозицијата и поинаквото мислење од она што е став и политика на владеачката номенклатура. Во Управниот одбор како на Македонската радио-телевизија така и на "Нова Македонија" и во "Флака" беа поставени сегашните или бившите портпароли на политичките партии, како и пратеници и други високи функционери од Владата на коалицијата. За генерален директор на МРТ беше поставен партискиот активист и пратеник поранешен на ВМРО-ДПМНЕ Љупчо Јакимовски, а за негов заменик гласноговорник на ДПА Имер Исмаили, за директор на радиото беше поставен портпаролот на ДА Антон Серечи и т.н., што е спротивно на член 14 став 2 од Законот за основање на јавно претпријатие Македонска радио-телевизија, според кој неспоива е функцијата претседател и член на Управен одбор на МРТ со функциите претседател и член на Владата на Република Македонија, претседател и член на Советот на Радиодифузија, како и членови на раководствата на политичките партии и членот 20 од истиот Закон, според кој функциите генерален директор и заменик на генералниот директор се неспоиви со раководната функција во политичка партија.

Слична беше ситуацијата и со НИП "Нова Македонија", каде што во врвот на оваа куќа дојдоа луѓе исклучиво со партиски бои. Трагедијата немаше да биде толку голема доколку при изборот и именувањето на овие луѓе барем се запазеше критериумот со стручност и професионалност. Напротив повеќето од поставените луѓе не го исполнуваат ниту основниот критериум за засновање на работен однос во средствата за јавно информирање, а камоли да бидат избрани, именувани и назначени за директори, заменици, уредници и т.н. Така на пример заменик генерален директор на МРТ, нема завршено Високо образование и не е адекватен за таа професија што тој треба да ја обавува, нема завршено високо образование како и многу други одговорни лица кои не ги исполнуваат основните законски услови, за да бидат вработени, а камоли да извршуваат одговорна функција.

Ваквото брзоплето сменување на раководните луѓе во средствата за јавно информирање и поставување на луѓе по партиски клуч и без елементарни критериуми за стручност и професионалност за последица ја имаше тоталната блокада на овие медиуми кон опозицијата, слободното размислување и објективно навременото информирање на јавноста. Ваквите појави посебно доаѓаат до израз во Македонската радио-телевизија, а посебно во емисиите на албански јазик. Многу настани од интерес на граѓаните не се забележуваат. Се разбира, кога носители на таквите активности, се луѓе

кои не се бliски или евентуално се противници на сегашната владеачка гарнитура, воведена е цензура кон одредени новинари и личности од јавниот живот на Република Македонија. Не се следи, односно не се информира за активностите на политичките партии кои не припаѓаат на владеач ката гарнитура. Се одбегнуваат било какви дебати и соочување на аргументите на позицијата и опозицијата.

Во последно време информативните програми на албански јазик при МРТ, не известуваат ниту од седниците на Собранието на Република Македонија. Не професионалниот однос оди дотаму што секогаш, што скоро секогаш во дневно информативните емисии прво се известува за активностите на претседателот на Владата или некој министер, а потоа за другите државници и компетентни лица.

Се оди до таму, да приредува специјални емисии за прикажување на некои други банкетни видувања, на викенд, или не знам што. Македонската радио-телевизија е претворена во партиски медиум, кој опширно известува за активностите на партијата, односно партиите на власт.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:** (Продолжение)

Посебни емисии беа посветени на Конгресот на ВМРО-ДПМНЕ, што е исклучиво против Законот, против работата и дејноста на самата радиодифузна дејност, која воопшто не работи по тие начела и се стави во улога на една партиска организација.

Оневозможување на монопол во влијанието на поединци и групи и во радиодифузните организации, соодветен и непристрасен третман на политичките субјекти во програмите на радиодифузните организации, кои нема едноставно да служат на ниту една политичка партија. Такви извештаи од партиски конгреси не се забележани од времето нас еднопартискиот систем, се разбира кога СКМ ги одржуваше своите конгреси. Се прават посебни мисии за обраќањата на Љупчо Георгиевски пред Младинската партиска организација на ВМРО-ДПМНЕ, како и други партиски активности, кои воопшто немаат врска со онаа дејност што треба да ја обавува Македонската радио-телевизија.

Радиодифузната дејност се заснова и врз начелата на забрана на цензура во вршењето на радиодифузната дејност и соодветен непристрасен третман на политичките субјекти по програмите на радиодифузните организации, кои нема едноставно да и служат на ниту една политичка партија. Во емисиите на албански јазик како во радиото, така и во телевизијата е воведена тотална цензура, што е спротивно со начелото на радиодифузната дејност, за забрана на цензура во вршењето на радиодифузната дејност, согласно член 8 од Законот за радиодифузната дејност. Стручните и високо професионални кадри се деградираат, односно се назначуваат на несоодветни пониски места, им се оневозможува следење на политички настани и партиски активности, а на сметка на тоа се протежираат не стручни и не компетентни новинари.

За ваквиот начин на работа на Македонската радио-телевизија посебно се одговорни генералниот директор и неговиот заменик, кој согласно Законот за радиодифузната дејност, член 8 став 1, алинеја 1, се должни да обезбедат навремено и објективно информирање на граѓаните и следење на активностите на сите политички партии и пратенички групи и подеднакво претставување на ставовите на сите политички субјекти во Република Македонија.

Македонската радио-телевизија, согласно Законот за радиодифузната дејност и Законот за основање јавно претпријатие, Македонска радио-телевизија, член 2 став 1 и другите акти, е информативна куќа од јавен интерес и согласно тоа се финансира од сите граѓани подеднакво, без оглед на нивните политички убедувања и партиска припадност. Тоа не смее да се претвори во партиски информативен сервис, ниту во сервис на Владата, кои до сега работите ги организирате.

Едноставно не може да се молчи, баравте 100 дена пред 3-4 месеци, 100-те дена се навистина некоја норма за да се видат првите резултати во секоја Влада. Фер е тоа да им се овозможи, но како? Тука веќе не станува збор за резултати, туку за начинот на инсталирање на логистичката поддршка на реализација на ветените резултати. Од ветените резултати ние сме веќе сити, а народот е уште посит.

Од тоа како е тргнато, единствено нешто што може да се заклучи дека, од промените засега слушаме само ехо од громогласните митинзи на македонските градски плоштади и во руинирани сали на домовите на културата низ Република Македонија. Ако за нешто треба да

прозбориме за овие три години, тоа беше за одбраната на основните демократски принципи. Тоа очигледно со голем дел од владеењето беше својствено, говорев и бев против за инсталираното ексклузивно право на управување, само на припадниците на една или две политички партии кои беа во коалиција, за строго диригираните увозни зделки, за извозните аранжмани склучувани од името на државата, а партиски жиро сметки.

Зборувавме за непотизмот, за изворот на кадрите според стариот добар принцип на општествено политичката соодветност. Пишувавме за дворските новинари, за лагата која особено во времето на изборите влезе на голема врата во Република Македонија и токму од овие што се гласно говорници. Предупредувавме на принципиелните потези на самиот врв на државата, почнувајќи од шефот на државата, првиот човек на Парламентот, премиерот, па се до последниот министер и началник на некоја подрачна единица. Зборувавме за морална криза, а за тие што во неа најмногу западнаа, така што веќе и не ја забележува. Неретко за тоа и се злоупотребува политиката. Така беше, и не само така, и стигнавме таму каде што сме денес. Во кризата почнаа да се бараат и излезите, а новите дечки отворено почнаа да раскажуваат и за новите луѓе што знаат, умеат и сакаат, за новите принципи, за моралот и честа.

Народот отворено ги подржа промените, ги подржа ветувањата дека новата власт ќе биде транспарентна, дека новата власт ќе биде од во заглавените демократски процеси, дека ќе вреднува според способностите, а не според нечија политичка припадност, дека сите граѓани ќе имаат еднакви можности, дека изворите на информациите ќе бидат достапни за сите, дека повеќе нема да има поделба на дворски луѓе и други новинари, дека тоа ќе биде во најдобар ред и единствен прозор што го имаме со народот и единствен контакт што го имаме е Собранието. Фала богу во ова Собрание два пати на 2 месеци се гледаме. На грешките се учиме, рекол народот, но дали е така?

Се плашам дека премиерот влијаел повеќе лошо отколку поучно, ако ништо друго барем поуката од грешките е очигледна. Но и од тоа ништо. Ветувањата барем во оваа прва половина од годината, изгледаат од прилика вака: министерот си го вработил внукот на работно место со безбедносни задачи, заедно со неговото криминално досие, медиумите молчат. Неговиот заменик, снаата и поранешна многу добра пријателка, потпретседателот на Собранието господинот адвокат од Куманово Томе Стојановски, го вработи синот како директор на Царинарницата, тој дел што токму ова Собрание треба да го контролира, медиумите молчат, на власт се поставени оние што треба да ги гонат своите луѓе - се се будали - во судство и полиции и така и натаму тоа секако ќе може да се вреднува. (Реакција од господинот Томислав Стојановски).

Сослушај ме, молимте, "те знам пиштол, додека пушка беше". Кумовите и нивните сопруги мора секогаш да бидат во близина. Шефот на дипломатијата транспарентно оди со партиска делегација и потпишува коминике на признавање на друга држава. Националната држава не објавува извештај од Конференцијата за печатот на опозицијата и ниту една политичка партија. Директорот на таа телевизија казнува новинарка за јавно искажано мислење. Отворено се упатуваат закани за поставени прашања, онаму каде што не треба, односно онаму каде што некој заправо оценил во моментот дека ќе и наштети на земјава. Министрите си ги избраа ги избра своите новинари и веќе почнаа да си ги организираат своите заеднички кревки емисии.

За пример ќе го земам "Флака е влазеримит", ако може камерата да се доближи и да се види тоа. Ако има друга слика овде, нека провери и нека види, а колку е богата внатре и колку таа дава коментари, човек може само да губи време да прочита и скапо да ја плати, бидејќи се само два листа тука. (Реакција салата).

Господинот што е главен уредник на овој дневен лист, тој се искажува беседи.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Господине Харуни, Македонската радио-телевизија е на дневен ред.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Повторно се преферираат само новинарите од државните медиуми, каде што се смени само бојата на партиските книшки на главните уредници и ништо друго. Кој спомна некакви структурални промени во информативните средства и каде е тука придобивката. Зарем треба да поминат години, за да и помине и на оваа политичка гарнитура, која е прв пат на власт фасцинацијата од основната моќ.

Зарем мора тоа проклетство да се изживува?

Се плашам ако на следните избори повторно победи некоја друга политичка опција, што немала можност за практикување на таквото искуство, но ќе рече условите се такви. Опортунистите од сите партии, па и вие тука што сте во позиција, очигледно е веќе дека вие сте ја затвориле устата и немате право на што и да гукнете.

Останува прашањето што сега му преостанува на народот, кој секогаш бира сиромашни луѓе за да има сиромаштија во својата софра.

Благодарам што бевте внимателни.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на господинот Сејфедин Харуни.

Господа пратеници, ние имаме овде уште 8 или 9 пратеници и тоа Мерсел Билали, Марковска Ѓулистана, Трајановски Гоце, Ризван Сулејмани, Пандов Александар, Талевски Александар, Котевски Ѓорѓи, Хаџириза Кастриот, Биљал Љутвиу, Батковски Димитар, Пранговски Илија, Стојановски Томислав, Александар Флоровски, се пријавија за дискусија.

Денес работиме повеќе од 7 часа. Јас имам еден предлог, ако го прифатите, што не значи дека мора да го прифатите, бидејќи гледам дека веќе се осипува бројот на пратениците.

Расправата со сите овие - еве и Пемов Илија сега се јавува и така натаму, овој распоред што го имаме овде, да продолжиме утре во 11,00 часот.

Сега никој не се откажува, еве уште се зголемува списокот овде.

Веќе не собира екранот овде колку пратеници се пријавија за дискусија.

Сето ова ќе го извадиме, јас утре ќе го имам пред себе и ќе ја водиме расправата, бидејќи се пријавија веќе 20 дискутанти. Не можеме вечерва.

Затоа, јас ја прекинувам денес седницата и ќе продолжиме утре во 11,00 часот, а потоа ќе ја продолжиме 21-та седница.

(Седницата прекина со работа во 18,15 часот).